СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 26 февруари 1973
Скопје
Број 7 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 6 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

56.

Врз основа на член 42 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65) и член 20 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Советот на Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на мандатот на:

1. Абедин Зенку,
2. Спирко Спирковски.

II. За членови на Советот на Медицинскиот факултет во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

1. Марче Василевски, општествено-политички работник во ЦК СКМ,
2. Бејтула Деваја, дипл. градежен инженер во Републичкиот фонд за патишта.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-685/6
25 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

57.

Врз основа на член 42 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65) и член 18 од Статутот на Правниот факултет во Скопје, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Советот на Правниот факултет во Скопје, поради истек на мандатот на:

1. Димитар Адамов,
2. Томе Георгиевски.

II. За членови на Советот на Правниот факултет во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

1. Киро Поповски, општествено-политички работник во ЦК СКМ,
2. Јован Дуковски, претседател на Правниот совет на СРМ.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-685/5
25 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

58.

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата („Службен весник на СРМ“ бр. 4/65), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КИНЕМАТОГРАФИЈАТА

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата, поради истек на мандатот на:

1. Димитар Османли,
2. Видое Видичевски,
3. Петре Андреевски,
4. Кузман Кумановски,
5. Стефан Костовски,
6. Вера Бражанска,
7. Михаил Наумовски,
8. Цветан Станоевски.

II. За членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата, со мандат од две години, се именуваат:

1. Јован Павловски, писател;
2. Ацо Димитровски, секретар на Комисијата за општествен систем на ЦК СКМ;
3. Стојан Лозановски, директор на Градски кина — Штип;
4. Мишо Самоиловски, снимател во „Вардар-филм“ — Скопје;
5. Кирил Ценевски, режисер во „Вардар-филм“ — Скопје;
6. Живко Василевски, претседател на Комисијата за физичка култура на СРМ;
7. Нецати Зекирија, уредник на весн. „Бирлик“ — Скопје;
8. Стеван Ацевски, филмски раб. во „Вардар-филм“ — Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06—685/3
25 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

59.

Врз основа на член 42 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65) и член 23 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Советот на Филозофскиот факултет во Скопје, поради истек на мандатот на:

1. Мира Ралева,
2. Тосом Пахуми,
3. Глигор Поповски.

II. За членови на Советот на Филозофскиот факултет во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

1. Чедомир Поповиќ, професор на Педагошката академија во Скопје;
2. Миле Јакимовски, директор на Гимназијата „Раде Јовчевски—Корчагин" — Скопје;
3. Махи Марковска, професор во Гимназијата „Браќа Миладиновци" — Драчево.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06—685/4
25 декември 1972 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

20.

Врз основа на член 88 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, на седницата одржана на ден 10. XI. 1972 година, донесе

СТАТУТ

НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Осигурениците од подрачјето на општините: Охрид, Кичево, Струга и Дебар основаа Заедница на здравственото осигурување на работниците (во натамошниот текст: Заедница).

Заедницата е самоуправна организација на осигурениците — работници, во која тие, врз начелата на заемност и солидарност, самостојно ги утврдуваат правата и обврските од здравственото осигурување.

Во Заедницата се здружени осигурениците — работници, лицата што вршат самостојни професионални дејности, како и други лица на кои им е со закон и овој статут признаено својство на осигуреник-работник.

Член 2

Со овој статут се регулира кругот на осигурените лица, обемот на нивните права и обврски, начинот на обезбедување средствата за остварување на осигурените права, составот и делокругот на органите на управувањето и времето за кое тие органи се избираат, како и условите и начинот на нивното избирање односно разрешување, начинот на остварувањето на прашањата што се регулираат со општи акти, прашањата за кои се одлучува по пат на референдум и начинот на вршењето на стручните и административните работи на Заедницата.

Член 3

Називот на Заедницата е: Заедница на здравственото осигурување на работниците — Охрид.

Седиштето на Заедницата е во Охрид.

Член 4

Осигурениците задолжително се осигуруваат себе и членовите на своите семејства на здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување утврдени со закон и овој статут.

Член 5

Во Заедницата осигурениците ги обезбедуваат и задолжителните видови на здравствената заштита што се утврдени со закон.

Член 6

Заедницата врши одредени работи на спроведување на здравственото осигурување по конвенциите и другите меѓународни спогодби.

Член 7

Осигурениците за себе и членовите на своите семејства самостојно ги утврдуваат во Заедницата: здравствената заштита и другите права и обврски од здравственото осигурување, обемот и нивото на правата, условите и начинот на нивното користење, како и средствата потребни за остварување на тие права според законот и овој статут.

Член 8

Во рамките на Заедницата осигурениците ги здружуваат средствата заради остварување здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување за себе и членовите на своите семејства.

Средствата за остварување на здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување се обезбедуваат со придонесот од осигурениците, со придонесот од обврзниците за плаќање на придонесот определен со закон и општите акти на Заедницата, со учество на општествено-политичките заедници и со други приходи.

Член 9

Од придонесите и другите приходи се формираат средствата на Заедницата.

Правата од здравственото осигурување се остваруваат на товар на средствата на Заедницата доколку нивното користење е во согласност со начинот утврден со закон, овој статут и другите општи акти на Заедницата.

При користењето на определени видови здравствена заштита, осигурените лица партицираат во трошоците кога е тоа предвидено со овој статут или општите акти на Заедницата.

Член 10

Во програмирањето, планирањето и унапредувањето на здравствената заштита и нејзината материјална основа, во развојот на самоуправните односи, во создавањето на што поповолни услови за користење на здравствената заштита и што порационална употреба на средствата за здравствена заштита, како и во спроведувањето на превентивните мерки и акции Заедницата соработува со другите заедници на здравственото осигурување, работните организации, општествено-политичките заедници, здравствените работни организации и нивните асоцијации и другите организации.

Содржината и формите на соработката и обезбедувањето на финансиските средства потребни за спроведување на програмите и задачите за развојот на здравствената заштита се утврдуваат преку самоуправно договарање.

Член 11

За определени ризици во спроведувањето на здравственото осигурување, Заедницата се реосигурува во Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија

Никој не може да ги намали или ограничи правата на осигурените лица што им се обезбедуваат со закон и со овој статут.

Правата од здравственото осигурување не можат да се пренесуваат од едно на друго лице.

Паричните примања од здравственото осигурување што стасале за исплата до смртта на осигуреникот, а не биле исплатени можат да се наследуваат.

Член 13

Заедницата има својство на правно лице.

Заедницата е регистрирана кај Окружниот стопански суд.

Член 14

Заедницата има свој печат и штембил.

На печатот кружно е испишан текстот: „Заедница на здравственото осигурување на работниците", а во средината хоризонтално „Охрид".

Штембилот е во форма на правоаголник во кој е испишано името на Заедницата со дополнување на број, датум и година.

Член 15

Статутот и другите општи акти на Заедницата задолжително се објавуваат во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 16

Целокупната дејност на Заедницата како самоуправна организација треба да биде достапна на осигурениците. За таа цел Заедницата задолжително ги информира осигурениците за:

1) програмата за остварување и унапредување на здравствената заштита на осигурените лица;

2) договорните обврски на здравствените работни организации во поглед на пружањето на здравствените услуги на осигурените лица, цените и слично;

3) резултатите на финансиското работење на Заедницата;

4) другите поважни прашања кои се од поголем интерес за осигурениците (за мерките на порационална и поефикасна здравствена заштита, за воведување на нови или измена на постојните права од здравственото осигурување, за условите на остварување на тие права и слично).

Информирањето на осигурениците се врши по пат на средствата за јавно информирање (печатот, радиото, телевизијата и слично) или по пат на собири на осигурениците.

Годишниот извештај за работата и завршната сметка на Заедницата задолжително се доставуваат на сите општински собранија.

Глава II

САМОУПРАВУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Член 17

Самоуправувањето на осигурениците со здравственото осигурување се организира и спроведува во рамките на Заедницата.

Осигурениците во рамките на Заедницата го остваруваат самоуправувањето со здравственото осигурување непосредно преку Собранието, советите на осигурениците, како и другите облици на самоуправување утврдени со овој статут.

Член 18

Прашањата од поширок општествен интерес во областа на здравственото осигурување може да се уредуваат на принципите на општествен договор и самоуправна спогодба.

Собранието е учесник во општествениот договор.

Собранието ги презема обврските на општествениот договор, ако за истиот се изјаснат повеќе од половината на советите на осигурениците.

Член 19

Како прашања од поширок општествен интерес во смисла на ст. 1 од чл. 20 на Статутот, се сметаат особено:

1) програмирањето и планирањето на здравствената заштита;

2) нивото и квалитетот на здравствената заштита која им се пружа на осигурените лица;

3) прашањето на организацијата за пружање поефикасна, поекономична и порационална здравствена заштита на осигурените лица;

4) разгледувањето на цените на здравствените услуги и потрошувачката на средствата во согласност со можностите на фондот;

5) утврдувањето на стапките на придонесот за здравствено осигурување.

Член 20

Заедницата решава прашања од заеднички интерес со здравствените организации по пат на самоуправна спогодба, а врз основа на критериумите и мерилата утврдени со општествениот договор.

Заедницата може самоуправно да се спогодува со здравствените и другите организации и за прашања за кои не е постигнат општествен договор.

Постигнатата спогодба ги обврзува учесниците на самоуправната спогодба.

I

НЕПОСРЕДНО САМОУПРАВУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Член 21

Непосредното самоуправување во Заедницата осигурениците го остваруваат:

1) со непосредно одлучување на важните прашања — по пат на референдум,

2) со непосредно изјаснување за предлозите на поважните општи акти и разгледување на извештаите за работењето на Заедницата — преку собирите на осигуреници.

Референдум

Член 22

За непосредно самоуправување Собранието на Заедницата може да распише референдум.

Собранието може да распише референдум особено во следните случаи:

— при одлучувањето за соединување, присоединување и раздвојување на осигурениците од поодделните општини во Заедницата;

— во други случаи кога ќе најде дека е тоа оправдано.

Член 23

Спроведување на референдум можат да предлагаат:

— собранијата на општините од подрачјето на Заедницата,

— општинските совети на осигурениците,

— општинските совети на Сојузот на синдикатите,

— Извршниот одбор на Заедницата.

Предлогот за спроведување на референдум мора да биде јасен и образложен, а се поднесува до Собранието на Заедницата во писмена форма.

Предлогот за спроведување на референдум Собранието на Заедницата може да го прифати или одбие како нецелисходен. Таков предлог ќе се смета за целисходен особено тогаш кога се работи за некое важно прашање за кое во јавната дискусија се изразени повеќе спротивни становишта, или кога е во прашање веќе усвоена одлука со која осигурениците во поголема мера се незадоволни.

Член 24

Одлука за распишување на референдум донесува Собранието на Заедницата.

Член 25

Референдум се спроведува, по правило, на целото подрачје на Заедницата, со учество на сите осигуреници здружени во Заедницата.

По исклучок, кога се работи за прашања од интерес на поодделни подрачја на Заедницата, референдум се спроведува само на тие подрачја.

Член 26

Со одлуката за распишување на референдум се утврдуваат прашањата за кои ќе се одлучува по пат на референдум, како и времето на спроведувањето на референдумот.

Од денот на распишувањето на референдумот, до денот на неговото спроведување мора да поминат најмалку 30 дена.

Член 27

Референдумот се спроведува со тајно гласање со гласачки ливчиња истовремено на целото подрачје на кое осигурениците се изјаснуваат.

Прашањата на гласачкото ливче мора да бидат формулирани прецизно и недвосмислено така што учесникот на референдумот може да одговори со „ЗА“ или „ПРОТИВ“ предлогот.

Член 28

Собранието на Заедницата именува Комисија за спроведување на референдумот, која има претседател, 4 члена и ист број заменици.

Член 29

Референдумот се смета полноважен ако на истиот учествуваат повеќе од 50% од вкупниот број на осигурениците запишани во гласачките списоци.

Ќе се смета дека на референдумот е усвоена одлуката за која гласало мнозинството од учесниците во гласањето.

Член 30

Референдумот се спроведува според одредбите на Законот за постапката за распишување и спроведување на референдум („Службен весник на СРМ“ бр. 29/69) и одредбите од овој статут.

Собири на осигуреници

Член 31

Собирот на осигурениците е една од непосредните форми на самоуправувањето на осигурениците во здравственото осигурување.

Член 32

На собирот осигурениците ги разгледуваат и се изјаснуваат по Предлог-статутот на Заедницата, програмата за мерките за унапредување на здравствената заштита на осигурениците, правилникот за начинот и условите за остварување на здравствената заштита, одлуките за височината на придонесите и за други поважни прашања од здравственото осигурување кога за тоа одлучува Собранието на Заедницата.

Член 33

Собирот на осигурениците го сочинуваат осигуреници—работници од еден орган односно работна или друга организација или организација на здружен труд ако нивниот број не е помал од 200. Осигурениците од повеќе помали органи, односно работни и други организации или организации на здружен труд сочинуваат еден собир на осигуреници со тоа што нивниот број не може да биде помал од 200, освен во исклучителни случаи кога во цели населени места вкупниот број на осигурениците е помал од 200.

За членовите на здруженијата на пензионерите и инвалидите на трудот, како и за осигурениците кои вршат самостојни професионални дејности и други, по правило, се организираат посебни собири или овие категории осигуреници, поради малиот број, се приклучуваат кон други собири на осигуреници на помалите работни организации.

Член 34

Собирот на осигурениците полноважно одлучува ако на него присуствуваат повеќе од 10% од осигурениците од работните организации за кои се одржува собирот, а прашањата што се разгледуваат ги усвојуваат со мнозинство на гласови од присутните.

II

ОРГАНИ НА САМОУПРАВУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 35

Органи на управувањето на Заедницата се:
1. Собранието на Заедницата;
2. советите на осигурениците;
3. одборите на осигурениците.

Член 36

Собранието на Заедницата и неговите тела работат на седници кои можат да се одржат ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од членовите на Собранието односно неговото тело.

Собранието на Заедницата и неговите тела работат според Деловникот за работа на органите на управувањето на Заедницата што го донесува Собранието.

Член 37

Мандатот на членовите на органите на управувањето трае 4 години.

Никој не може повеќе од 2 пати едноподруго да биде член на истиот орган на управувањето на Заедницата.

Член 38

За член на органот на управувањето на Заедницата може да биде избран осигуреник на кого тоа својство му е утврдено со закон и овој статут.

Работниците вработени во Стручната служба на Заедницата не можат да бидат избрани за членови на органите на управувањето на Заедницата, освен за членови на одбори и комисии.

Член 39

На членовите на органите на управувањето на Заедницата им престанува мандатот и пред истекот на времето за кое се избрани односно именувани:
— со оставка,
— со отповикување односно разрешување,
— со престанок на својството на осигуреник на Заедницата,
— со преминување на работа надвор од подрачјето на општината во која се избрани.

Член 40

Во случај на престанок на мандатот на одделни членови на управувањето во Заедницата на еден од начините наведени во претходниот член, на нивно место се избираат нови членови со дополнителни избори.

По исклучок, дополнителен избор нема да се изврши во колку до истекот на мандатот на членовите на некој орган на управувањето не преостанува повеќе од 6 месеци.

Член 41

Работата на членовите во Собранието и неговите органи е почесна.

На членовите на управувањето на Заедницата им припаѓа надоместок на патни трошоци и дневници и надоместок на загубена заработувачка (личен доход).

Условите за остварување на надоместоците и нивната височина Собранието ги утврдува со посебна одлука.

А. СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 42

Собранието на Заедницата е највисок орган на управувањето.

Собранието на Заедницата своите одлуки ги донесува во согласност со законот и овој статут.

Член 43

Собранието на Заедницата во својот делокруг на работа ги врши следните работи:

1. донесува статут и други општи акти со кои се утврдуваат правата и обврските на осигурениците;

2. утврдува програма за дејноста на здравственото осигурување и мерките за унапредување на здравствената заштита на осигурените лица, ја определува политиката на користењето на средствата на Заедницата, дава насоки за функционирање на Службата со цел за правилно и навремено остварување правата на осигурениците и рационално работење на фондовите на Заедницата, како и економично трошење и рентабилно вложување на средствата на Заедницата;

3. утврдува стапки односно тарифи на придонесот на здравственото осигурување;

4. утврдува основици за определување на придонесот за здравственото осигурување на лицата кои вршат самостојни професионални дејности и за други категории осигуреници ако со посебни прописи не е утврдена основицата;

6. донесува финансиски планови и ги усвојува завршните сметки на фондовите на Заедницата;

7. одлучува за обезбедување дополнителни средства и за начинот на покривање на евентуалните загуби во работењето на фондовите на Заедницата;

8. одлучува за вложување на расположивите средства на Заедницата во депозит кај банката и за давање на наменски кредити од расположивите средства;

9. одлучува за склучување спогодби со општествено-политичките заедници за вршење на определени работи за обезбедување здравствена заштита и спроведување на задолжителните видови на здравствената заштита на неосигурените лица;

10. одлучува за склучување спогодби со други интересни заедници и фондови за вршење на определени стручни, финансиски и административни работи за тие заедници од страна на Службата на Заедницата;

11. спогодбено со другите заедници на здравственото осигурување го определува начинот на управувањето на фондот на реосигурувањето, обемот на ризиците што се реосигуруваат, тарифите на премиите на осигурувањето, надоместоците што се обезбедуваат во случај на настапувањето на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на овие ризици;

12. одлучува за склучување договори со здравствените работни организации за пружање на здравствените услуги на осигурените лица;

13. соработува со други органи и организации во работите од заеднички интерес, а посебно во поглед на програмирањето и спроведувањето на здравствената заштита на населението;

14. ги избира и отповикува членовите на Извршниот одбор и другите органи на Собранието;

15. ја утврдува организацијата на Службата на Заедницата и дава согласност за систематизација на работните места;

16. именува дел од членовите на Комисијата за именување и разрешување на директорот на Службата на Заедницата;

17. дава согласност на општите акти на работната заедница на Службата на Заедницата за кои таква согласност е пропишана со овој статут;

18. го утврдува износот на средствата потребни за вршење на стручните, административните и финансиските работи на Заедницата;

19. ги разгледува прашањата, предлозите и барањата што ќе му бидат упатени на Собранието;

20. разгледува и одлучува во согласност со општите акти на Заедницата за отпис на побарување по основ на накнада на штета и неуплатени придонеси над 10.000 динари;

21. именува и отповикува членови на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија и одлучува за други работи во врска со членството во асоцијацијата на здравственото осигурување на ниво на федерација;

22. врши и други работи што му се ставени во делокруг со закон, овој статут и други општи акти на Заедницата.

Член 44

Собранието своите одлуки ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен во случаите кога со закон односно овој статут е предвидено поинакво мнозинство.

Член 45

Собранието од редот на своите членови избира претседател на Собранието и два заменици.

Начинот на избирањето и отповикувањето односно разрешувањето како и начинот на кандидирањето и сите други прашања врзани со изборот на органите на управувањето на Заедницата и нивните тела, доколку не е регулиран со овој статут, се регулира со правилникот за избор и отповикување на органите на управувањето.

Изборот на членовите на Собранието се врши со тајно гласање.

Член 46

Собранието на Заедницата има: извршен одбор, одбор за здравствено осигурување и здравствена заштита, одбор за организација и финансирање на осигурувањето, Комисија за избор и именување, Комисија за општи акти на Заедницата и Комисија за жалби.

Собранието на Заедницата може, по потреба, да именува и други повремени одбори и комисии за разгледување односно проучување на поодделни прашања.

а) Извршен одбор

Член 47

Извршниот одбор на Собранието е извршен орган на Собранието кој се грижи за правилно и благовремено спроведување и извршување на одлуките и заклучоците на Собранието и утврдува предлози за решавање на сите прашања од надлежноста на Собранието.

Член 48

Извршниот одбор ги врши особено следните работи:

1. се грижи за благовремено и правилно извршување на одлуките и заклучоците на Собранието на Заедницата;

2. се грижи за правилно остварување на правата на осигурените лица;

3. се грижи за извршување на финансиските планови во поглед на остварувањето на приходите и рационално користење и вложување на средствата на фондовите на Заедницата согласно насоките и заклучоците на Собранието на Заедницата;

4. поднесува на Собранието Предлог-програма за спроведување и унапредување на здравствената заштита на осигурените лица, како и предлози на финансиските планови на завршните сметки на фондовите на Заедницата и Предлог-статут и други општи акти што ги донесува Собранието;

5. предлага основи и насоки за склучување договори со здравствените и други организации кои

учествуваат во спроведувањето и финансирањето на здравственото осигурување;

6. ги разгледува условите под кои осигурените лица ја остваруваат здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување за која цел презема или предлага на другите органи и организации преземање на соодветни мерки за остварување на поповолни услови;

7. по предлог на органот на работната заедница на Службата го утврдува предлогот за износот на средствата потребни за вршење на стручните, административните и финансиските работи на Заедницата;

8. утврдува Предлог-статут и други општи акти што ги донесува Собранието на Заедницата;

9. прибира и ги проучува сугестиите и предлозите на осигурениците во врска со остварувањето правата на осигурениците и рационално трошење на средствата на фондовите;

10. ги разгледува поплаките на осигурениците во врска со работата на Заедницата и условите што ги пружаат здравствените работни организации и предлага односно презема соодветни мерки;

11. врши и други работи што ќе му бидат ставени во задача од Собранието на Заедницата.

Член 49

Извршниот одбор на Собранието се состои од 7 члена.

Членовите на Извршниот одбор се избираат од редовите на членовите на Собранието.

Изборот на членовите на Извршниот одбор се врши на првата седница на Собранието.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години.

Никој не може да биде избран повеќе од два пати едноподруго за член на Извршниот одбор.

Член 50

Извршниот одбор од редот на своите членови избира претседател и негов заменик.

б) Собраниски одбори

Член 51

Собраниските одбори ги бира Собранието на Заедницата од редот на членовите на Собранието и другите осигуреници, на првата седница на Собранието.

Претседателот на одборот задолжително е член на Собранието.

Начинот на кандидирањето, изборот и отповикувањето на Собраниските одбори се регулира со Правилникот за избор и отповикување на самоуправните органи на Заедницата.

Во Одборот за здравствено осигурување и здравствена заштита се бираат 3 члена, во Одборот за организација и финансирање на осигурувањето — 3 члена.

1. Одбор за здравствено осигурување и здравствена заштита

Член 52

Одборот за здравствено осигурување и здравствена заштита ги врши овие работи:

— разгледува и предлага на Собранието на Заедницата донесување на Програма за унапредување на здравствената заштита на осигурениците,

— предлага донесување и измена на општите акти на Заедницата,

— се грижи за правилно и благовремено извршување на одлуките и заклучоците на Собранието, кои се однесуваат на остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица,

— во согласност со заклучоците на Собранието на Заедницата склучува договори со здравствените установи и за тоа му поднесува извештај на Собранието на Заедницата,

— ги разгледува условите под кои осигурените лица остваруваат здравствена заштита и презема или на другите одговорни органи или организации им предлага преземање на соодветни мерки за овозможување на поповолни услови на осигурените лица,

— врши и други работи одредени со овој статут, како и работи кои Собранието ќе му ги стави на надлежност со други општи акти или со посебен заклучок.

2. Одбор за организација и финансирање на осигурувањето

Член 53

Одборот за организација и финансирање на осигурувањето ги врши следните работи:

— се грижи за правилно и благовремено спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието и утврдува предлози за решавање на прашањата од организацијата и финансирањето на Заедницата,

— го утврдува предлогот на финансискиот план и завршната сметка на фондовите на Заедницата,

— се грижи за извршувањето на финансиските планови во поглед на остварувањето на приходите и за наменското и рационално вложување и користење на средствата на фондовите на Заедницата и нивните резерви, согласно со заклучоците на Собранието,

— разгледува и одлучува, во согласност со општите акти на Заедницата, за отпис на побарувањата по основ на накнада на штета и неуплатени придонеси до 10.000 динари, а за поголеми износи ги разгледува барањата и поднесува предлог до Собранието,

— врши и други работи одредени со овој статут, како и работи кои Собранието ќе му ги стави во делокруг со друг општ акт, или со посебен заклучок.

в) Комисии

Член 54

За сестрана и успешна работа и одлучување по поодделни прашања од својот делокруг Собранието образува стални комисии.

Во состав на сталните комисии одредени со чл. 46 на овој статут влегуваат претседател, два члена и нивни заменици, а се бираат од редот на членовите на Собранието и другите осигуреници.

Претседателите на комисиите задолжително се членови на Собранието.

1. Комисија за избор и именување

Член 55

Комисијата за избор и именување во својата надлежност ги опфаќа особено овие работи:

— предлага кандидати за избор на претседател и заменици на претседателот на Собранието,

— предлага кандидати за членови на Собранието, одборите и комисиите,

— предлага кандидати за избор на членови на Собранието на Сојузот на Заедницата на Македонија,

— именува или делегира претставници на Заедницата во органите на управувањето во другите работни организации,

— врши и други работи кои Собранието ќе ѝ ги стави во надлежност.

2. Комисија за општи акти на Заедницата

Член 56

Комисијата за општи акти на Заедницата во својата надлежност ги врши особено овие работи:

— предлага донесување на општи акти и усклaдување на истите со позитивните законски прописи,

— разгледува предлози за давање на автентични тумачења на општите акти на Заедницата и дава тумачење на истите во името на Собранието,

— ги утврдува прочистените текстови на општите акти на Заедницата,

— врши и други работи кои Собранието ќе ѝ ги стави во надлежност.

3. Комисија за жалби

Член 57

Комисијата за жалби е стручен орган на Заедницата, во чиј делокруг влегува второстепеното решавање за правата од Здравственото осигурување.

Комисијата ја сочинуваат претседател и два члена. На претседателот и на членовите на Комисијата им се бираат заменици.

Претседателот и неговиот заменик мораат да имаат висока или виша школска спрема од правен смер.

Член 58

Комисијата, како второстепен орган, решава за правата од здравственото осигурување по повод жалбите на осигурените лица против првостепените решенија.

Комисијата решава исклучиво на седници, а може полноважно да решава само кога работи во полн состав.

Решенијата на Комисијата ги потпишува претседателот на Комисијата или неговиот заменик.

Член 59

Решавајќи за правата на осигурените лица од втор степен Комисијата за жалби ја согледува општата проблематика и недостатоците на постапката особено од гледиштето на нејзината економичност, рационалност и експедитивност, па на Собранието на Заедницата и другите одговорни органи им предлага преземање на потребни мерки за отстранување на уочените недостатоци.

Член 60

Извештај за својата работа и општата проблематика на постапката Комисијата за жалби поднесува до Собранието на Заедницата најмалку еднаш годишно.

г) Претседател на Собранието

Член 61

Претседателот на Собранието го претставува Собранието во склад со законот, овој статут и другите општи акти и прописи.

Член 62

Претседателот на Собранието, во рамките на своите надлежности, особено ги врши следните работи:

— ја претставува Заедницата во склоп со законот, овој статут и другите општи акти на Заедницата и прописите,

— се грижи за припремање на седниците на Собранието,

— ги свикува седниците и на истите претседава,

— ја ускладува работата на Собранието, на собраниските одбори, на советите на осигурениците и комисиите,

— се грижи за извршувањето на одлуките и заклучоците на Собранието и другите самоуправни органи на Заедницата,

— образува повремени комисии, ако износот на работата го бара тоа, со тоа што на првата наредна седница на Собранието бара согласност за таквото образување,

— ги потпишува актите кои ги донесува Собранието,

— во колку смета дека одлуките и заклучоците на поодделните самоуправни органи на Заедницата се незаконски, односно донесени спротивно на одредбите на овој статут и другите општи акти на Заедницата, должен е за тоа да го запознае со закон одреденот општински орган на управата со седиштето во Заедницата, кој врши надзор во поглед на правилната примена на законот,

— врши и други работи кои со овој статут и другите општи акти, одлуките и заклучоците на Собранието, ќе му бидат ставени во надлежност.

Член 63

За својата работа претседателот е одговорен пред Собранието.

Член 64

Во отсуство на претседателот на Собранието, надлежностите на претседателот ги врши еден од неговите заменици.

Б. СОВЕТИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Член 65

Општинскиот совет на осигурениците е орган на управувањето на Заедницата на подрачјето на секоја општина.

Член 66

Општинскиот совет на осигурениците ги врши следните работи:

1. ги разгледува проблемите од здравственото осигурување на своето подрачје и предлага мерки за унапредување на здравствената заштита на осигурените лица како и мерки за нејзиното поуспешно и порационално спроведување;

2. остварува непосредна соработка на Заедницата со другите органи и организации на подрачјето на општината заради што поуспешно спроведување на здравственото осигурување;

3. го следи и анализира движењето на отсуството од работа поради болестите и повредите и им предлага на одговорните органи и организации преземање потребни мерки за поуспешно работење и отстранување на причините за зголеменото отсуство од работа;

4. ги разгледува основите и насоките за склучување на договори за пружање на здравствените услуги на осигурените лица, по потреба предлага измени и дополнувања на истите, го анализира извршувањето на склучените договори од страна на здравствените работни организации и им предлага на надлежните органи преземање мерки за што подоследно извршување на договорните обврски;

5. ги разгледува предлозите на општите акти на Заедницата за кои е предвидено задолжително изјаснување на осигурениците и дава предлози, забелешки и мислења за предлозите на тие акти.

6. му предлага на Собранието донесување односно измени и дополнувања на општите акти на Заедницата;

7. му дава предлози на Собранието за распишување и спроведување на референдум кога смета дека е потребно непосредно одлучување на осигурениците;

8. го утврдува бројот и составот на собирите на осигурениците, ги свикува собирите и се грижи за нивното одржување;

9. врши и други работи кои ќе му се ставаат во делокруг со закон, овој статут и другите општи акти на Заедницата.

Член 67

Во Општинскиот совет на осигурениците се бираат од 7 до 21 член, зависно од бројот на осигурениците во општината. Бројот на членовите на секој општински совет го утврдува Собранието на Заедницата со одлуката за распишување избори или со посебна одлука.

Член 68

Изборот на членовите на Општинскиот совет на осигурениците го вршат осигурениците на своите собири.

Член 69

Општинскиот совет на осигурениците од редот на своите членови избира претседател и негов заменик.

В. ОДБОРИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Член 70

Во работните организации со преку 500 осигуреници се формира одбор на осигурениците.

Одборот на осигурениците го именува највисокиот орган на управувањето на работната организација.

Член 71

Одборот на осигурениците има право да расправа за општите акти на Заедницата и да дава забелешки, предлози и мислења, да предлага на Собранието на Заедницата мерки за унапредување на здравствената положба на осигурениците, да предлага преземање на превентивни мерки, преземање мерки за смалување на отсутноста од работа како и други мерки за поекономично и порационално користење на средствата на фондовите на Заедницата и поефикасна здравствена заштита на осигурениците.

Глава III

ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

1. Лица осигурени како работници

Член 72

Како работници осигурени на подрачјето на Заедницата се:

1. Лицата во работен однос со полно работно време на подрачјето на Заедницата, како и југословенските државјани во работен однос во странство кај југословенските организации или во домаќинствата на тие осигуреници, ако седиштето на тие организации се наоѓа на подрачјето на Заедницата;

2. Југословенските државјани вработени во странство, кои пред стапувањето на работен однос во странство имале место на живеење на подрачјето на Заедницата и тоа:

а) кај меѓународните или други организации по основ на меѓународен договор, ако со закон или според меѓународната спогодба не се задолжително здравствено осигурени;

б) кај странски работодавец — ако се вработиле со посредување на надлежниот орган за вработување и го регулирале своето осигурување пред одењето во странство, ако за тоа време не се задолжително здравствено осигурени кај странскиот носител на здравственото осигурување;

в) кај странски работодавец — ако се вработиле без посредување на надлежниот орган за вработување или без претходно регулирање на своето осигурување, осигурени се според овој статут, ако за тоа време не се задолжително здравствено осигурени кај странски носител на здравственото осигурување. Осигурувањето се засновува од денот на поднесувањето на пријава за осигурување, но најрано од денот на вработувањето во странство, а користењето на правата ќе започне во рок од шест месеци од засновувањето на осигурувањето;

3. Членовите на претставничките тела и на нивните органи, избраните лица во општествените, здружените и самоуправните организации, коморите, здруженијата и сл. ако за таа работа примаат постојан личен доход;

4. Членовите на занаетчиските задруги и членовите на рибарските задруги, на кои стопанската работа на задругата им е единствено или главно занимање;

5. Уживателите на пензии и корисниците на правото на професионална рехалибитација и правото на запослување според прописите на инвалидското осигурување, како и југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурувањето додека престојуваат на подрачјето на Заедницата, ако со меѓународен договор не е определено поинаку;

6. Лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време;

7. Учениците во стопанството, односно учениците во училиштата за квалификувани работници, за кои покрај училиштата се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец;

8. Лицата што се привремено безработни (точката „а" и „г" од оваа точка) додека редовно се пријавуват кај надлежниот завод за вработување на работниците, ако во Заводот се пријавиле во рок од 30 дена:

а) по престанокот на работниот однос или друга дејност, односно по престанокот на примањето надоместок на личен доход на кој имаат право врз основа на закон или по прописи донесени врз основа на закон;

б) по отслужувањето на военото рок во Југословенската народна армија или по престанокот на неспособноста за работа поради болест заради која се отпуштени од военa служба;

в) по отпуштањето од казнено-поправна установа, односно од завод, ако е применета мерка за безбедност со упатување во заводот поради чување и лекување;

г) од денот на престанокот на доброволната практика (волонтери);

9. Лицата редовно пријавени кај надлежниот завод за вработување, ако во заводот за вработување на работниците се пријавиле во рок од 60 дена:

а) од денот на завршената стручна оспособеност или стручно школување;

б) од денот на отслужувањето на военото рок во Југословенската народна армија или од денот на престанокот на неспособноста поради болест, заради која се отпуштени од таа военa служба ако на отслужување на военото рок, стапиле во рок од 60 дена од денот на завршената стручна оспособеност односно школување;

10. Иселениците—повратници што се населиле на подрачјето на Заедницата додека редовно се пријавуваат кај надлежниот завод за вработување на работници, ако во заводот се пријавиле во рок од 30 дена од денот на враќањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

11. Лицата од точка 1—4 и точката 7 од овој член кои по престанокот на работниот однос односно другата дејност по основа на која се осигурени и тоа:

а) додека примаат надоместок на личен доход според овој Статут и прописите донесни врз основа на Статутот;

б) додека примаат материјално обезбедување или привремен надоместок според прописите на инвалидското осигурување.

Лицата од точка 8 од претходниот став се осигурени ако непосредно пред настапувањето на наведените околности биле осигурени најмалку 9 месеци непрекинато или 15 месеци со прекини во последните 2 години.

Одредбите од претходниот став нема да се применуваат на лицата од точките 9 и 10 на ставот први од овој член.

Член 73

Како работници во смисла на член 72 ст. 1 т. 1 од овој статут се осигурени и лицата што се во работен однос со најмалку половина од пропишаното полно работно време, лицата што се наоѓаат во два или повеќе работни односи, ако вкупното работно време од тие работни односи е

најмалку еднакво на половината од полното работно време пропишано за работите на кои како инвалиди работат онолку време колку што им одговара на нивната работна способност.

Член 74

Како работници се осигурени по овој статут, и тоа:

1. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии, кои поради тоа го раскинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија;

2. лицата кои организацијата пред засновувањето на работен однос со нив ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија.

Член 75

Странските државјани на работа на подрачјето на Заедницата кај југословенски организации, односно кај приватни работодавци, или по основ на меѓународна спогодба, се осигуруваат себе си и членовите на своето семејство на здравствено осигурување под исти услови како и работниците — југословенски државјани.

Член 76

Здравствената заштита определена со овој статут и општите акти на Заедницата се обезбедува и на:

1. лицата кои учествуваат во младински работни акции кои по прописите за инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност;

2. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно;

3. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука — логорување;

4. лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана;

5. уживателите на инвалиднина според прописите на инвалидското осигурување и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикале телесно оштетување за кое им припаѓа право на инвалиднина.

Член 77

Здравствената заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професинални болести во обем определен со овој статут и општите акти на Заедницата им припаѓа на:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии, за времетраењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции, на кои, по прописите на инвалидското осигурување, се осигурени за сите случаи на инвалидност;

3. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции;

4. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

5. лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или цивилната заштита;

6. лицата кои работат помалку од половина од полното пропишано работно време;

7. лицата кои се наоѓаат на стручна оспособување или преквалификација што ги упатил заводот за вработување;

8. припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита.

2. Лица осигурени по основ на вршење на самостојни професионални дејности

Член 78

Лица кои на подрачјето на Заедницата вршат самостојна професионална дејност, имаат својство на осигуреник ако таа дејност им е единствено и главно занимање, и тоа:

1. самостојните занаетчии, самостојните угостители и превозниците во јавниот патен сообраќај, кои врз основа на закон вршат една од овие дејности, а се запишани во регистар пропишан со закон, како и брачниот другар на умрен осигуреник кога врз основа на закон ќе продолжи со водење на занаетчиска работилница, односно вршење на јавен превоз преку стручен работодавец.

Децата кои по смртта на самостојниот занаетчија, самостојниот угостител, односно превозник во јавниот патен сообраќај ќе продолжат водење на дуќанот односно ќе продолжат со вршење на превозот преку стручен работодавец, ако не се здобиле со право на семејна пензија, се осигурени како членови на семејството ако во поглед на годините на возраста, односно неспособноста за работа ги исполнуваат условите пропишани со овој статут.

Ако кај самостојниот занаетчија, самостојниот угостител односно превозникот во јавниот патен сообраќај работат и членовите на неговото семејство кои имаат стручна подготовка потребна за работата која што ја вршат како единствено и главно занимање, се осигуруваат како самостојни занаетчии, самостојни угостители, односно превозници.

2. писателите, ликовните уметници, уметниците на применетата уметност, сценските уметници, композиторите, признаените музички уметници — изведувачи, филмски уметници, преведувачите на научни литературни дела и артистите (уметници);

3. лицата што вршат адвокатура и се запишани во именикот на адвокатите;

4. лицата со наполнети 15 години возраст кои како членови на соодветни спортски организации се занимаваат со спорт;

5. продавачите на печат (колпортерите);

6. носачите на багаж на железнички станици — членови на Здружението на носачите на железница во Македонија;

7. другите лица што вршат самостојни професионални дејности во согласност со прописите за вршење на самостојна дејност доколку со нив е склучен договор за здравствено осигурување од Заедницата односно Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Македонија.

Член 79

Својство на осигуреник по одредбите на претходниот член се стекнува, со:

1. денот на запишувањето на самостојната професионална дејност во регистарот на соодветната дејност;

2. денот на стекнувањето на својство на уметник, писател и друго (член 78 ст. 1 т. 2 од статутот),

3. денот на запишувањето во именикот на адвокатите;

4. денот на признавањето на својство на спортист;

5. денот на стекнувањето на друго својство на осигуреник што врши самостојна професионална дејност предвидена со овој статут или друг општ акт на Заедницата односно договор.

Својството на осигуреник престанува со денот на бришењето на дејноста од соодветниот регистар на самостојната професионална дејност односно од денот на престанокот на дејноста според која е осигурен.

Член 80

По овој статут осигурени се и членовите на семејствата на осигурениците — работници од членот 72, 73, 74 и 76 став 1 т. 5 од овој статут и

членовите на семејствата на осигурениците што вршат самостојна професионална дејност (чл. 78).

На задолжителна здравствена заштита се осигурени и членовите на потесното семејство додека бораваат во Југославија на лицата од членот 72 став 1 т. 2 под а, б, и в, ако со задолжителното здравствено осигурување на тие лица во странство не им е обезбедена здравствена заштита од странскиот носител на осигурувањето.

Здравственото осигурување на членовите на семејствата на лицата од чл. 72 ст. 1 т. 2 под в) се обезбедува под исти услови како и на лицата од кои членовите на семејствата го изведуваат ова право.

Член 81

Како членови на семејството на осигурениците — работници и осигурениците што вршат самостојна професионална дејност се сметаат членовите на потесното семејство, брачниот другар и децата на осигуреникот родени во брак или вон брак, пасиноци или деца земени на издржување, внучиња, браќа, сестри и други деца земени на издржување, како и издржувани: татко, мајка, очув, маќеа, посвоител, дедо, баба (родители на осигуреникот).

Членовите на семејството на осигурениците — странски државјани (чл. 75) се осигурени по овој статут додека престојуваат на подрачјето на СРМ. Здравственото осигурување на тие членови на семејството за време на престојот во земјата чии државјани се може да им се обезбеди под услов на реципроцитет со меѓународен договор.

Член 82

Својството на осигурено лице — член на семејството на осигуреникот се стекнува со:

а) за членовите на потесното семејство: со денот на склучувањето на бракот — за брачниот другар, за децата — пасторчиња со признавање на татковство или со посвојување, а за деца — со раѓањето на детето во брак,

б) децата земени на издржување и издржувани родители — од денот на исполнувањето на пропишаните услови.

Член 83

Собранието на Заедницата со општ акт ги пропишува условите под кои се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на семејството од членот 83 на овој статут.

Одредби за одделните членови на семејството

а) Брачен другар

Член 84

По одредбите на овој статут осигурени се:

1. брачниот другар на осигуреникот додека е со него во брак;

2. брачниот другар на умрен осигуреник кој по смртта на осигуреникот не се здобил со право на семејна пензија затоа што не навршил определени години на живот, ако во моментот на смртта бил постар од 40 години (жена) односно 55 години (маж). Ако брачниот другар е помлад од 40 години односно 55 години го продолжува осигурувањето додека е редовно пријавен кај надлежниот завод за вработување на работниците ако се пријавил во заводот во рок од 9 дена од денот на смртта на осигуреникот;

3. разведениот брачен другар на кој со судска одлука му е определено издржување, ако во моментот на разводот бил постар од 45 години (жена) односно 60 години (маж). Брачниот другар што во моментот на разводот бил помлад од 45 години односно 60 години, го продолжува осигурувањето според овој статут ако кај него постои инвалидност од I категорија во смисла на прописите за инвалидското осигурување.

б) Деца

Член 85

Децата на осигуреникот и децата кои осигуреникот ги зел на издржување осигурени се до навршувањето на 15 годишна возраст, а ако се на школување до крајот на пропишаното редовно школување, но најдоцна до наполнувањето на 26 годишна возраст.

Ако децата од ст. 1 на овој член го прекинале редовното школување поради болест, осигурени се и за времетраењето на таквата болест, а ако го продолжат редовното школување се продолжува осигурувањето и по истекот на определените возрасни граници, но најдолго толку време колку што траел прекинот на школувањето поради болест.

Ако децата од ст. 1 на овој член станат неспособни за самостоен живот и работа, во смисла на прописите за инвалидското осигурување, пред да наполнат 15 години, односно додека се на редовно школување во смисла на став 1 и 2 од овој член, тие се осигурени и за сето време додека трае таквата неспособност.

Осигурени се и децата од ставот 1 на овој член што ќе станат неспособни за самостоен живот и работа во смисла на прописите за инвалидското осигурување по истекот на периодот од став 1—3 од овој член додека трае таквата неспособност ако осигуреникот ги издржува затоа што немаат сопствени приходи за издржување, кои ги утврдува Заедницата во смисла на член 86 од овој статут.

Децата кои осигуреникот ги зел на издржување (чл. 82 ст. 1 т. б) осигурени се, по правило, ако немаат родители. Децата кои имаат еден или двајца родители, осигурени се како деца кои осигуреникот ги зел на издржување ако родителите поради својата здравствена состојба и другите околности не се способни за стопанисување односно не се во состојба да се грижат за децата и нивното издржување, а децата и нивните родители немаат сопствени приходи доволни за издржување на децата.

в) Родители

Член 86

Родителите на осигуреникот (чл. 81) кои тој ги издржува поради тоа што немаат сопствени приходи доволни за издржување, осигурени се:

1. ако навршиле 65 години живот (мажи) односно 55 години (жени), или

2. ако се помлади, а не се способни за стопанисување а таа неспособност е рамна на инвалидност од I категорија во смисла на прописите од инвалидското осигурување.

Родителите се осигурени по одредбите на овој статут и по смртта на осигуреникот, ако не можат да остварат право на семејна пензија затоа што со пензионирањето на членовите на потесното семејство е исцрпен износот на основата за определување на семејна пензија.

Глава IV

ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Општи одредби за правата

Член 87

Со здравственото осигурување во случаите и под условите определени со овој статут се обезбедува на:

1) осигурениците:

а) здравствена заштита;

б) надоместок на личен доход; и

в) надоместок на патните трошоци во врска со користењето на здравствената заштита;

2. членовите на семејствата на осигурениците:

а) здравствена заштита;

б) надоместок на патните трошоци во врска со користењето на здравствената заштита.

Во рамките на здравственото осигурување по овој статут на осигурените лица им се обезбедува под определени услови парична помош за опрема на новородено дете и паричен надоместок во случај на смрт на осигуреното лице.

Член 88

Правата од здравственото осигурување припаѓаат од денот на стекнувањето на својството осигуреник, ако за одделни случаи не се бара услов дека осигуреникот бил определено време здравствено осигурен по овој статут.

Кога стекнувањето на правото е условено со претходно осигурување, тоа право се стекнува, ако со овој статут не е поинаку определено, под услов ако осигурениците биле осигурени најмалку 9 месеци без прекин или 18 месеци со прекини за последните две години (во натамошниот текст: претходно осигурување).

Кога осигурениците се задолжени сами за себе и за членовите на своето семејство да плаќаат придонес за здравственото осигурување, користењето на правата од овој статут условено е со одредено плаќање на придонесот, со тоа што користењето на правата не може да започне ако стасаниот придонес не е уплатен најдоцна до крајот на наредниот месец во кој придонесот стасал за уплата. Запреното користење на правата се воспоставува од денот на подмирувањето на сите стасани и неуплатени придонеси.

Член 89

Во време на претходното осигурување се сметаат периодите навршени пред настапувањето на определени околности односно случаи врз основа на кои се стекнуваат определени права и тоа во својство на осигуреник од член 78, 79, 81 и 85 од овој статут.

Временските периоди кои осигурениците ги поминале во еден или повеќе работни односи со вкупното работно време пократко од редовното работно време (член — од овој статут), се пресметува така што вкупниот број на часовите на таквата работа во определени периоди се пресметува на полно работно време.

Корисниците на правата од професионална рехабилитација и правата на запослување според прописите за инвалидското осигурување и осигурениците — жени кои поради раѓање или нега на дете работат со скратено работно време, работата со скратено работно време се изедначува со работата со полно работно време.

При утврдувањето дали постои непрекинато осигурување ќе се смета дека осигурувањето не е прекинато во случај на преоѓање од еден работен однос во друг ако до неговото вработување не поминало повеќе од 30 дена, односно ако осигуреникот во тој рок се пријавил на надлежниот завод за вработување на работници.

Вработувањето непосредно пред стапувањето на отслужување на военото рок во Југословенската народна армија се смета за непрекинато и се собира со времето на вработувањето по отслужувањето на военото рок односно со престанокот на неспособноста поради болест заради која дошло до отпуштање од таа воена служба, ако до повторното стапување во работен однос не е поминато повеќе од 30 дена, односно ако осигуреникот во тој рок се пријавил во Заводот за вработување на работници.

Вработувањето непосредно пред заминувањето во странство поради стапување во работен однос за лицата кои за тоа време не се осигурени по овој статут, се смета за непрекинато и се собира со вработувањето по враќањето во Југославија, ако од враќањето до повторното стапување во работен однос не поминало повеќе од 30 дена, односно во тој рок осигуреникот се пријавил во Заводот за вработување на работниците.

Ако непосредно пред настапувањето на околностите од ставот 5 и 6 од овој член биле исполнети условите на претходното осигурување, претходното осигурување ќе се смета за непрекинато, ако по престанокот на тие околности до стапувањето во работен однос не е поминато повеќе од 30 дена, односно ако осигуреникот во тој рок се пријавил во Заводот за вработување на работници.

Одредби за одделни права

1. Здравствена заштита

Член 90

Заедницата ги обезбедува на сите граѓани настанети на подрачјето на Заедницата задолжителните видови на здравствена заштита кои се состојат од:

а) откривање, спречување, сузбивање и лекување на туберкулозата, венеричните и другите заразни болести што подлежат на задолжително пријавување;

б) нега и лекување на оние душевни болни што поради природата и состојбата на болеста можат да го загрозат својот живот и животот на другите луѓе или да ги оштетат материјалните блага на околината;

в) здравствена заштита на жените во врска со бременост, породување, мајчинство и контрацепцијата;

г) целосна здравствена заштита на новороденчињата, доенчињата и децата до 15 годишна возраст;

д) здравствена заштита на школската младина и редовните студенти до определена старост и тоа преку: систематски прегледи и имунизација, заштита и лекување на забите, спречување, сузбивање и лекување на ревматична треска, протетички и рехабилитациони мерки кај оштетувањето на аномалиите на видот и слухот и кај ортопедските аномалии и деформации;

ѓ) активност на рано откривање на малигните заболувања, шеќерната болест и мускулната дистрофија и нивно лекување;

е) активност на здравственото воспитување на населението.

Член 91

Обемот на правата и поблиските критериуми за спроведување на одделни видови здравствена заштита од претходниот член, се утврдуваат со програмата што ја донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија до 31 октомври во годината за наредната година.

2. Несреќа на работа и заболување од професионални болести

Член 92

Во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести на осигурениците — работници од член 72 став 1 точка 1—4 и 6 и лицата што вршат самостојна професионална дејност од член 78 на овој статут, задолжително им се обезбедува правото на:

а) користење здравствена заштита за спроведување на мерките за откривање и спречување на заболувањето од професионални болести и несреќа на работа;

б) користење на сите видови медицинска помош и ортопедски средства со цел за лекување и медицинска рехабилитација од последиците на несреќа на работа и заболувањата од професионални болести, заради воспоставување на работна способност;

в) патни трошоци во врска со користењето на здравствената заштита и рехабилитацијата.

Правото од осигурувањето во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести им се обезбедува на осигурениците неза-

висно од должината на претходното осигурување предвидено со овој статут.

Како несреќа на работа и заболување од професионални болести се сметаат случаите на повредите и болестите што се утврдени со прописите на инвалидското осигурување.

Член 93

Покрај задолжителните видови на здравствена заштита предвидени со закон, Заедницата обезбедува здравствена заштита на осигурените лица, која опфаќа:

1) лекарски прегледи и други видови на медицинска помош со цел да ја следи и спроведува здравствената состојба за работа на определено работно место;

2) лекарски прегледи, лекување на болните, други видови на медицинска помош и медицинска рехабилитација (во здравствените и други специјализирани здравствени организации, во станот на болниот и сл.), освен лекување со примена на природните фактори во лекувањето;

3) превентива, нега и лекување на болни заби и уста;

4) давање на лекови, помошен материјал кој служи за употреба на лекови и санитетски материјал потребен за лекувањето;

5) заботехничка помош и забнопротетички средства;

6) протези, ортопедски помагала, помошни и санитарни справи.

Под лекарски прегледи и други видови медицинска помош кои на осигурените лица се обезбедуваат во смисла на точка 1 од претходниот став се подразбираат и здравствените услуги кои како мерки на превентивна заштита непосредно се пружаат на осигурените лица на нивно барање или врз основа на програмата на Заедницата и склучените договори со здравствената работна организација за пружање здравствена заштита на осигурените лица.

Под стручни медицински мерки за унапредување на здравствената состојба во смисла на став 1 точка 2 од овој член се подразбираат мерките кои се преземаат врз основа и во рамките на утврдената програма на Заедницата за унапредување на здравствената состојба и здравствената заштита на осигурените лица. Под стручни медицински мерки за спречување на заболувањата во смисла на овој став се подразбираат здравствените услуги кои на осигурените лица се пружаат кога се медицински индицирани, или кога се задолжителни според посебни прописи.

Здравствените прегледи на работниците кои врз основа на посебните прописи повремено се спроведуваат поради непосредна заштита на работниците со оглед на карактерот на работите во одделни организации односно со оглед на возраста или полот на вработените работници, се обезбедуваат на товар на средствата на Заедницата на начин и во обемот како е тоа предвидено со посебна одлука на Заедницата, односно склучениот договор помеѓу Заедницата и здравствената работна организација.

Другите лекарски прегледи и стручни медицински мерки од ставот 1 точка 1 и 2 од овој член се обезбедуваат на товар на средствата на Заедницата или со учество на средствата во трошоците за преглед само ако е тоа утврдено со одлука на Собранието на Заедницата во рамките на програмата на здравственото осигурување и мерките за унапредување на здравствената заштита на осигурените лица.

Здравствените прегледи на работниците кои, според посебни прописи поради заштита на средината, задолжително се вршат санитарно-хигиенски прегледи на лица кои работат во здравствените работни организации, социјалните установи, вработени во производството и продажбата на животните намирници, во училиштата, во фризерско-берберските дуќани, проверување на здравствената состојба на работниците кои организацијата ги упатува на работа во странство, како и трошоците за преглед на работниците кои по сопствена иницијатива одат на работа во странство и други задолжителни санитарно-хигиенски прегледи и прегледи за утврдување на здравствената способност за работа на определени работни места или на извршување на обврските на организацијата во врска со прописите за хигиено-техничката заштита (преглед на возачите на моторни возила и останатите лица запослени во сообраќајните организации) не се вршат на товар на средствата на Заедницата.

Индикациите за користењето на здравствената заштита од став 1 точка 5 и 6 на овој член ги утврдува Собранието на Заедницата со општ акт.

Член 94

Здравствената заштита, која се обезбедува на осигурените лица по одредбите од член 95 на овој статут, осигурените лица во целост ја остваруваат на товар на средствата на Заедницата, ако со овој статут или одлука на Собранието на Заедницата донесена врз основа на статутот не е предвидено поодделните видови на здравствената заштита да се обезбедуваат на товар на средствата на Заедницата со учество на осигурените лица во трошоците на користење на таа заштита.

Трошоците на здравствената заштита паѓаат на товар на средствата на Заедницата, ако осигуреното лице таа здравствена заштита ја остварува на начин утврден со овој статут и актите донесени врз основа на него, како и договорот за пружање на здравствена заштита меѓу Заедницата и здравствената работна организација.

Трошоците на користењето на здравствената заштита паѓаат на товар на средствата на Заедницата и кога осигуреното лице по упат на здравствената работна организација или лекарската комисија поради одредени медицински индикации или без упат — ако е во прашање итен или инаку медицински оправдан случај, остварува поодделни видови на здравствена заштита вон условите и начинот кои се определени со општиот акт на Заедницата. Потребата за користење здравствена заштита на тој начин поради медицински оправдан случај ја оценува секогаш лекарската комисија, а поради итен случај само ако дојде до спор.

Собранието на Заедницата во смисла на став 1 до 3 на овој член со правилник поблиску ги определува условите и начинот на остварувањето на оделните видови здравствена заштита кои се обезбедуваат врз товар на средствата на Заедницата.

Ако осигуреното лице здравствената заштита ја остварува на друг начин а не е во смисла на став 2 до 4 од овој член, Заедницата ги поднесува трошоците за таа заштита на обемот кој одговара на трошоците за користење на таквата заштита во смисла на став 2 и 4 од овој член. Обемот на тие трошоци и начинот на наплатувањето односно надоместокот на трошоците во тие случаи ги определува Собранието на Заедницата со општ акт.

Член 95

Собранието на Заедницата може да пропишува со посебна одлука учество (партиципација) на осигурените лица во трошоците на користењето на поодделни видови здравствена заштита, утврдени со овој статут.

Учеството на осигурените лица во трошоците на здравствената заштита не може да се воведува кога се во прашање задолжителните видови на здравствена заштита и здравствената заштита поради несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Пред донесувањето на одлука од став 1 на овој член, Собранието на Заедницата задолжително прибавува мислење од одборите на осигурениците.

Член 96

Собранието на Заедницата може со општ акт да ги ослободи од учество во трошоците за користење на одделни видови здравствена заштита определени категории осигурени лица со оглед на нивната економска состојба, возраст и други околности.

Член 97

Користење на лекови и имунизација, кога имунизацијата не е задолжителна, се обезбедува со учество на осигурените лица во поднесување на трошоците.

Собранието на Заедницата може да го овласти Собранието на Сојузот на заедниците на учеството на осигурените лица во поднесувањето на трошоците за користење на лекови и имунизација кога истата не е задолжителна.

Член 98

Собранието на Заедницата може да утврди листа на лекови кои не можат да се препишуваат врз товар на средствата на Заедницата. Собранието на Заедницата може да го овласти Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Македонија да утврди листа на лекови кои ќе можат да се препишуваат на товар на средствата на Заедницата.

Член 99

Индикации за заботехничка помош и заботехнички средства, протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи, стандарди за материјал од кој се изработуваат овие средства и рокови на траењето на тие средства, како и условите за изработка на нови средства пред истекот на определените рокови, ги утврдува Собранието на Заедницата со општ акт. Со тој општ акт ќе се утврдат и премиите на осигурените лица кои таквите средства уредно ги одржуваат и ги користат преку определените рокови за нивното траење.

Собранието на Заедницата може да го овласти Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Македонија, врз основа на самоуправен договор со другите заедници да го донесе актот од претходниот став.

Стекнување и престанок на правата за користење на здравствена заштита

Член 100

На осигурениците осигурени по овој статут се обезбедува здравствена заштита од членот 76 став 1 точка 1 до 5 од овој статут со денот на стекнувањето својството на осигуреник.

Заботехничка помош, протетички средства, протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитарни справи (член 93 став 1 точка 5 и 6 од овој статут), се обезбедува:

1) на осигурениците од член 72 став 1 точка 1—4, 6, 8 и 9, член 73 и 78 од овој статут, ако го исполнуваат условот на претходното осигурување;

2) на осигурениците кои по престанокот на работниот однос или друга дејност работеле со најмалку од половина од полното работно време и го исполнувале условот од претходното осигурување;

3) на сите осигуреници, без оглед на условот од претходното осигурување, ако оваа здравствена заштита е потребна во врска со претрпена несреќа на работа или од заболување од професионални болести;

4) на осигурениците кои тоа својство го имаат по овој статут како ученици во стопанството односно ученици на училиштата за квалификувани работници за кои се изведува практична настава, инвалидите на трудот додека примаат материјално обезбедување или привремен надоместок по прописите на инвалидското осигурување и уживателите на пензија.

Со исклучок на став 2 точка 1 од овој член здравствената заштита од овој став се обезбедува без оглед на траењето на претходното осигурување на осигурениците кои пред стапувањето во работен однос или пред пријавувањето во Заводот за вработување на работници, имале право на користење на таква здравствена заштита како деца на осигуреникот или деца кои осигуреникот ги зел на издржување, или како брачен другар на осигуреникот, ако стапиле во работен однос или се пријавиле во Заводот во определен рок од денот на престанокот на поранешното својство на осигурено лице, и тоа: деца во рок од 60 дена, а брачниот другар во рок од 9 дена од денот на престанокот на својството на осигурено лице.

Член 101

Осигурениците кои по овој статут се осигурени само за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести (член 77 од овој статут) ги обезбедуваат само оние видови здравствена заштита кои се потребни во врска со претрпената несреќа на работа односно со професионалното заболување.

Член 102

На осигурениците им се обезбедува здравствена заштита од денот на стапувањето на работа односно од денот на стекнувањето на својството на осигуреник по друг основ, или од денот кога е исполнет условот на претходното осигурување (член 88 од овој статут) па до истекот на 30 дена по престанокот на својството осигуреник.

Како ден на стапување на работа се смета и денот на поаѓањето на пат поради стапување на работа односно должност.

На осигуреникот кај кого поради болест или несреќа настапила привремена спреченост за работа за времетраењето на осигурувањето (став 1 од овој член) се продолжува лекувањето и по престанокот на осигурувањето сè додека трае спреченоста за работа поради таа болест односно несреќа.

На осигуреникот кој се пријавува во Заводот за вработување на работниците, ако ја одбие работата која му е понудена а која одговара на неговата стручна квалификација и физичката способност, му престанува правото на здравствена заштита со денот на правоснажноста на решението за упатување на понудената работа.

Здравствената заштита се обезбедува по овој статут и за време на извршување на мерките на безбедност со упатување на осигуреното лице во Заводот поради чување и лекување и тоа сè додека таквото лице има својство на осигурено лице по овој статут.

На осигуреник кој се наоѓа на издржување казна затвор или строг затвор, не му се обезбедува здравствена заштита по овој статут.

Член 103

На членовите на потесното семејство и издржуваните членови на семејството на осигуреникот се обезбедува здравствена заштита во обемот во кој се обезбедува и на осигуреникот од кого тие изведуваат свое право на здравствено осигурување.

На издржуваните членови на семејството на осигуреникот се обезбедуваат, како и на членовите на потесното семејство, оние видови на здравствена заштита предвидени со член 93 т. 1 до 4 од овој статут, а видовите од точка 5 и 6 од тој член само ако осигуреникот од кого тие го изведуваат тоа право бил претходно осигурен најмалку 24 месеци непрекинато или 36 месеци со прекини во последните 4 години или ако осигуреникот е уживател на старосна или инвалидска пензија.

На членовите на семејството на осигуреникот им се обезбедува здравствена заштита за сето време за кое се обезбедува здравствена заштита на осигуреникот.

Член 104

Со исклучок од претходниот член на овој статут на издржуваните членови на семејството на осигуреникот се обезбедува здравствена заштита и додека лицето од кое се изведува правото на здравствена заштита се наоѓа на отслужување на военото рок во Југословенската народна армија или за времетраењето на неспособноста за работа поради болест од која е отпуштен од воената служба, ако непосредно пред стапувањето на отслужување на военото рок го исполнувал условот на претходното осигурување.

На членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на издржување на казна затвор, ако на осигуреникот не му престанал работниот однос за време на издржувањето на казната, им се обезбедува здравствена заштита по овој статут.

Член 105

Осигурените членови на семејството ја користат здравствената заштита според прописите што важат на подрачјето на кое тие живеат и според Статутот на Заедницата на здравственото осигурување за тоа подрачје.

Обезбедување на здравствена заштита во странство

Член 106

На осигурениците во работен однос кај југословенските организации во странство (член 72 став 1 точка 1) им се обезбедува здравствена заштита, која по овој статут се обезбедува на осигурениците во работен однос од првиот ден на таквото запослување.

На членовите на потесното семејство на осигуреникот од став 1 на овој член им се обезбедува здравствена заштита додека престојуваат со осигуреникот во странство:

1) ако осигуреникот е упатен на работа во странство подолго од шест месеци од првиот ден на престојувањето во странство, и

2) ако осигуреникот е упатен на работа во странство до шест месеци — здравствена заштита само за случај на неопходна лекарска помош.

Член 107

На осигурениците — југословенски државјани: вработени во домаќинствата на осигурениците — југословенски државјани на служба во странство кај југословенските организации или во меѓународните организации; вработени кај странските организации односно работодавци, ако го задржале својството на лице во работен однос на подрачјето на Заедницата; осигурениците од членот 72 став 1 точка 1 од овој статут и осигурениците упатени во странство од организацијата кај која се вработени односно поради вршење на определени работи или задачи, се обезбедува за време на нивниот престој во странство до шест месеци здравствена заштита само во случај на неопходна лекарска помош, а по тој рок здравствена заштита која по овој статут се обезбедува на останатите осигуреници во работен однос.

На членовите на потесното семејство од ставот 1 на овој член додека престојуваат со осигуреникот во странство, им се обезбедува здравствена заштита во ист обем како и на тие осигуреници.

Член 108

На осигурениците во работен однос и осигурениците од член 72 ст. 1 точка 7 и член 74 став 1 точка 1 и 2 од овој статут, кои се упатени во странство поради стручно усовршување и учење односно стекнување на практика, се обезбедува за време на нивниот престој во странство до шест месеци здравствена заштита само во случај на неопходна лекарска помош, а по тој рок здравствена заштита која се обезбедува по овој статут на останатите осигуреници во работен однос.

Член 109

На осигурените лица кои се наоѓаат во странство од други причини, а не од причините од член 106 и 108 од овој статут им се обезбедува здравствена заштита само за првите три месеци на престојот во странство и тоа само во случај на неопходна лекарска помош.

Член 110

Ако за користење на здравствената заштита за осигурените лица од членот 106 и 109 од овој статут е неопходно болничко лекување, трошоците за таквото лекување за првите три месеци ги сноси во целост Заедницата. Ако болничкото лекување трае подолго од три месеци, трошоците од првиот ден на четвртиот месец ги сноси Заедницата само до износот колку за тоа лекување би се платило на подрачјето на Заедницата односно во здравствената работна организација во нашата земја каде е индицирано таквото лекување. Ако не е можно преместување на болниот на болничко лекување во нашата земја поради неговата здравствена состојба односно нецелисходно поради поголема оддалеченост, Заедницата ќе ги сноси трошоците во целост и преку три месеци на лекување.

На осигурените лица на кои за време на престојот во странство им се обезбедува здравствена заштита само во случај на неопходна лекарска помош, ако здравствената заштита ја користат во странство во поширок обем односно преку определените рокови, трошоците за здравствена заштита користена во странство ќе се надоместат на товар на средствата на Заедницата во динарски средства и тоа само до износот на трошоците за пружање на таква заштита на подрачјето на Заедницата односно каде спрема карактерот на заболувањето случајот може да се лекува во нашата земја.

Член 111

Се овластува Собранието на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Македонија да донесе правилник за начинот на користењето и остварувањето здравствената заштита во странство на товар на средствата на Заедницата и постапката за остварување на правата од здравственото осигурување во странство, како и начинот и височината на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на лекови што се обезбедуваат на осигурените лица кои остваруваат здравствена заштита во странство.

Собранието на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на Македонија може по пат на самоуправно договарање со другите сојузи на заедниците да го регулира на единствен начин и постапка остварувањето на правата од здравственото осигурување во странство.

3. Надоместок на личен доход
Надоместок на личен доход во случај на спреченост за работа

Член 112

Осигурениците-работници (член 72 ст. 1 т. 1 до 4 и 7 од овој статут), како и лицата што вршат самостојна професионална дејност (чл. 78 од Статутот) имаат право на надоместок на личен доход за време на привремената спреченост за работа, ако се:

1) поради болест или несреќа на работа привремено неспособни за работа односно сместени поради лекување и медицински испитувања во стационарни здравствени и други специјализирани здравствени работни организации (во натамошниот текст: привремена неспособност за работа),

2) спречени за работа поради одредено лекување или медицински испитувања кои не можат да се вршат надвор од редовното работно време на осигуреникот,

3) упатени на неопходно лекување по прописите од војни воени инвалиди,

4) изолирани како бактерионосители или поради појава на заразни заболувања од нивната средина,

5) определени да негуваат разболен член на потесното семејство или брачен другар — породилка, под условите кои ги пропишува Собранието на Заедницата,

6) определени за придружба на болно лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место.

Надоместокот на личен доход припаѓа само за деновите за кои би припаѓал личен доход или надоместок на личен доход во смисла на прописите од работните односи. Ако работната организација — заедница чиј член е осигуреникот воела петодневна работна недела, надоместокот на личниот доход се исплатува само за работните денови во неделата, а се пресметува како просечен дневен надоместок.

Осигуреникот кај кого спреченоста за работа настапи додека се наоѓа на неплатено отсуство му припаѓа надоместок на личен доход само по истекот на неплатеното отсуство, ако во тоа време сè уште постои спреченост за работа.

Лицата на доброволна практика (волонтери) член 72 ст. 1 т. 6 и лицата осигурени само за случаи на несреќа на работа и заболување од професионални болести (член 77), имаат право на надоместок на личен доход само за времетраењето на привремената неспособност за работа предизвикана со повреда на работа односно заболување од професионални болести.

Осигурениците од членот 80 на овој статут немаат право на надоместок на личен доход во случаите од точка 2 и 6 ст. 1 на овој член и членовите 117 и 131 од овој статут.

Член 113

Надоместок на личен доход за време на спреченоста за работа, поради нега на болен член на потесното семејство чл. 112 ст. 1 т. 5, припаѓа:

— за дете помладо од 1 година, за целото време на спреченоста за работа,

— за другите членови на семејството постари од една и помлади од 15 години, најдолго 15 дена,

— за постарите членови од 15 години, како и во случај на нега на брачен другар-породилка, најдолго до 7 дена.

Член 114

Надоместок на личниот доход во случаите од чл. 112 на овој статут припаѓа од првиот ден на спреченоста за работа и додека таа спреченост трае, ако со закон или со овој статут не е поинаку определено.

На осигурениците од членот 78 на овој статут надоместокот на личниот доход им припаѓа од 31-от ден на непрекинатото траење на привремената неспособност за работа која дава право на надоместок на личен доход, освен во случаите од член 112 став 1 точка 6 од овој статут.

Привремената неспособност за работа трае додека надлежниот лекар односно лекарската комисија не утврди дека е воспоставена работната способност, а во секој случај престанува со денот на приемот на првостепеното решение со кое е утврдено постоење на инвалидност и осигуреникот стекнал право на инвалидска пензија. Доколку осигуреникот не стекнал право на инвалидска пензија, а инвалидската комисија утврдила постоење на инвалидност, надоместок на личниот доход припаѓа сè додека решението со кое не е признаено правото на инвалидската пензија стане конечно во управната постапка, ако со жалба ја напаѓа инвалидноста.

Член 115

На осигуреникот кој поради одредено лекување или медицинско испитување (чл. 112 ст. 1 т. 2 од овој статут) бил спречен да работи извесно време во текот на работниот ден, му припаѓа надоместок на личен доход сразмерно на делот помеѓу времето поминато надвор од работата и полното работно време со кое осигуреникот е вработен.

На осигуреникот кој во текот на работното време побара лекарска помош која можел да ја користи и вон работното време не му припаѓа надоместок место личен доход за изгубеното време, освен ако лекарот потврди дека барањето на таква помош во текот на работното време била оправдана.

Член 116

На осигуреникот во работен однос кој непосредно пред престанокот на работниот однос или друга дејност исполнувал услов на претходно осигурување, му припаѓа право на надоместок на личен доход по овој статут, ако привремената неспособност за работа настапила во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос или друга дејност.

Член 117

Кога лекарот во текот на лекувањето на осигуреникот кој прима надоместок на личен доход утврди дека неговата здравствена состојба е подобрена и дека работата би била корисна за него за воспоставување на полна работна способност, може да одреди осигуреникот за определено време да работи со скратено работно време на соодветно работно место.

Работата со скратено работно време од претходниот став може да трае најмногу до една година.

Член 118

Право на надоместок на личниот доход има осигуреник во работен однос и за времетраењето на привремената неспособност за работа која настанала по разрешувањето од должноста, а пред истекот на времето за кое според општите акти на работната организација работникот е должен односно има право да остане на работа по соопштувањето на неговата намера да истапи од работната организација, односно по одлуката за престанок на работата на работникот во работната организација.

Член 119

На осигуреникот не му припаѓа, односно ќе му се запре исплатата на надоместокот на личен доход, за време на привремената спреченост за работа:

— ако свесно ја предизвикал неспособноста за работа,

— ако намерно го спречувал оздравувањето односно оспособувањето за работа,

— ако без оправдани причини не се јави на определен лекарски односно комисиски преглед,

— ако за време на боледувањето остварува личен доход од занаетчиска или друга стопанска дејност,

— ако без оправдани причини не ќе се подложи на одредено лекување, освен ако за тоа не е потребна посебна согласност, додека не постапи по дадените налози.

На осигуреникот не му припаѓа надоместок на личен доход од денот кога се утврдени околностите наведени во ставот 1 на овој член сè додека траат тие околности, односно додека траат последиците кои настапиле поради тие околности.

Член 120

Кога се утврди дека постојат причините од член 119 ст. 1 т. 2 и 4 од овој статут работната организација, односно Стручната служба што ја врши исплатата на надоместокот на личниот доход, ќе ја запре исплатата на надоместокот.

Се смета дека во смисла на чл. 119 ст. 1 т. 2 и 4 од овој статут постои намерно спречување на

оздравувањето односно оспособувањето за работа или се занимава со приватна дејност кога ќе се утврди дека осигуреникот на кој лекар-поединец му одобрил боледување со цел за лекување, работи на друго место или во своето домаќинство за друг или ист исплатувач на личен доход, или работи на свој или друг земјоделски имот, или кога се утврди дека на друг начин спротивен со упатствата на лекарот го спречува своето оздравување и оспособување за работа.

Запирање на исплатата на надоместокот на личниот доход во случаите од став 1 и 2 на овој член се врши врз основа на сознанието за постојните факти утврдени од овластено лице на Стручната служба за вршење контрола на користењето на боледувањето, или врз основа на мислењето на лекарот-поединец кој дал мислење за работната способност на осигуреникот.

Член 121

Контрола на користењето на боледувањето врши Стручната служба на Заедницата.

Стручната служба врши контрола на користењето на боледувањето на случаите односно за времето за кое исплата на надоместокот на личниот доход се врши на товар на фондот на Заедницата. Оваа служба може да врши контрола на користењето на боледувањето по барање на претходна спогодба со работните организации и за времето за кое исплатата на надоместокот паѓа на товар на работната организација.

Член 122

Кога службеното лице во вршење на контролата (член 121) утврди постоење на фактите од членот 119 став 1 точка 2 и 4 односно членот 121 став 2 од овој статут ќе издаде наредба за запирање исплатата на надоместокот на личниот доход. Наредбата е извршна.

Наредбата од став 1 на овој член службеното лице ја издава писмено во 2 примероци, од кои еден се врачува на осигуреникот, а еден на Стручната служба на Заедницата како исплатувач на надоместокот на личниот доход со свој извештај. Ваков извештај се доставува до работната организација со цел за преземање на определени мерки, кога надоместокот паѓа на товар на работната организација.

Осигуреникот на кој со наредба му е запрена исплатата на надоместокот на личниот доход може во рок од три дена од денот на приемот на наредбата да бара од Стручната служба на Заедницата односно од работната организација со решение да го утврди неговото право во смисла на членот 112 од овој статут, кое се донесува по прибавено мислење на лекар-поединец кој ја дал оценката за работната способност на осигуреникот. Службеното лице кое ја издало наредбата е должно таквото барање, ако е поднесено при издавање на наредбата, да го достави на службата односно работната организација заедно со извештајот за издавање на наредбата.

За воспоставување исплатата на надоместокот на личниот доход запрен врз основа на став 1 од овој член, решава Стручната служба на Заедницата односно работната организација по барање на осигуреникот ако лекарот-поединец кој го лекувал осигуреникот оцени дека престанало штетното дејство на околностите поради кое исплатата на надоместокот била запрена.

Член 123

Основот за надоместок на личниот доход (во натамошниот текст: основ за надоместок) го сочинува просекот на личниот доход што го остварил работникот во претходната година пред годината во која настапил случајот поради кој се стекнува правото на надоместокот.

Личниот доход што се зема за утврдување на основот за надоместок го сочинуваат личниот доход и другите примања на осигуреникот кои според посебни прописи служат за утврдување на пензиската основа.

Член 124

Основот за надоместок се утврдува врз основа на просечниот износ на личниот доход на осигуреникот (во час, дневна или месечна) што го примал во претходната година и чиј износ конечно е утврден со распределбата на личниот доход по завршната сметка на организацијата.

На осигуреникот кој во претходната година работел во друга организација или во повеќе организации како основ за надоместокот се зема просечниот износ на личниот доход примен во претходната година во организацијата во која работел, а утврден со распределбата на личниот доход по завршната сметка, односно просечниот износ на вкупниот примен личен доход утврден со распределбата по завршната сметка во сите организации во кои осигуреникот работел во претходната година.

Основот за надоместок се утврдува во смисла на став 1 и 2 од овој член, ако осигуреникот во претходната година примал личен доход за најмалку три цели календарски месеци. Ако осигуреникот во претходната година примал личен доход за помалку од три цели календарски месеци, или воопшто не примал личен доход како основ за надоместок се зема просечниот износ на месечната аконтација на личниот доход што ја примал осигуреникот во тековната година со настапувањето на спреченоста за работа. Ако осигуреникот не примал во тековната година аконтација на личен доход ниту за еден полн календарски месец, како основ за надоместокот се зема просечниот износ на примената аконтација на личниот доход пресметана по час во тековната година до настапување на спреченоста на работа.

На осигуреникот вработен кај приватен работодавец основот за надоместок се утврдува во согласност со одредбите од став 1—3 на овој член, со тоа што како основ за надоместок се зема износот на личниот доход на кој се плаќа придонес за здравствено осигурување.

На осигурениците на кои основот за надоместок им се утврдува по став 1 и 2 на овој член, во случаите на спреченоста за работа што ќе настапат од почетокот на годината до донесувањето на завршната сметка на претходната година, се исплатува до утврдување на основицата на надоместокот, аконтацијата на надоместокот на личен доход. За утврдување износот на оваа аконтација како основ за надоместок се зема просечниот износ на аконтацијата на личниот доход примен во претходната година.

На учениците во стопанството и учениците на училиштата за квалификувани работници како основица за надоместок се зема просечниот месечен износ на наградата остварена за последните 3 месеци пред месецот во кој настапил случајот за кој се дава правото на надоместокот.

Член 125

Ако осигуреникот на кој основицата за надоместок му е утврдена во смисла на чл. 124 од овој статут се наоѓа на болување подолго од една година, а во меѓувреме општиот просек на личните доходи во организацијата во која е на работа се зголемил, ќе му се преутврди основицата за надоместок во соодветно поголем износ кој одговара на процената на зголемениот просек на личниот доход утврден со завршната сметка на претходната година во однос на годината од која е утврдена основицата за надоместокот.

Зголемувањето на основицата за надоместок по став 1 од овој член го врши Службата на Заедницата по службена должност, а врз основа на прибавените докази за исполнување на условот.

Член 126

Основот на надоместокот на лицата што вршат самостојна професионална дејност го сочинува основицата на придонесот на здравственото осигурување што на осигуреникот му е утврдена за претходната година.

Доколку осигуреникот од став 1 на овој член со самостојна професионална дејност започнал да се занимава во тековната година, основицата на надоместокот се утврдува од основицата на придонесот што ќе му се утврди за тековната година, а до утврдувањето на таквата основица ќе му се исплатува аконтација на надоместокот според основицата предвидена како најниска основица на придонесот за здравствено осигурување.

Член 127

На осигурениците на кои надоместокот на личниот доход (во натамошниот текст: надоместок), им припаѓа за време на привремената спреченост за работа во врска со несреќа на работа или заболување од професионални болести (член 77), како основ за надоместок се зема основицата утврдена со одлука на Собранието на Заедницата, според стручната — школската подготовка доколку не остваруваат личен доход.

Член 128

Заедницата на товар на своите средства обезбедува надоместок на личниот доход поради спреченост за работа на:

1) осигурениците — работници и други лица од членот 112 на овој статут за време на спреченост за работа од 31-от ден на спреченоста;

2) осигурениците — работници за време на отсуство поради бременост и породување во траење што како најмало е утврдено со закон и тоа од првиот ден на тоа отсуство;

3) осигурениците — работнички односно работници за време на спреченоста за работа поради нега на болно дете и тоа:

— на дете помало од една година, за целото време на спреченоста за работа;

— на дете постаро од една, а помладо од 3 години-надоместок на личниот доход најмногу до 15 дена;

4) осигуреникот — работничка која по истекот на отсуството поради бременост и породување работи со скратено работно време во смисла на прописите за работните односи ѝ припаѓа, за времето поминато вон работа, дел од надоместокот на личниот доход од ставот 1 на овој член во износ кој одговара сразмерно за времето поминато вон работата во однос на полното работно време.

Износ на надоместокот

Член 129

Во случаите на спреченоста за работа кога надоместокот на личниот доход паѓа на товар на средствата на Заедницата, надоместокот изнесува:

а) на осигурениците кои го исполнуваат условот на претходно осигурување:

1) 80% од основицата почнувајќи од 31-от до 60-от ден на спреченоста за работа;

2) 90% од основицата почнувајќи од 61-от ден на спреченоста за работа па сè додека трае таквата спреченост;

б) на осигурениците кои не го исполнуваат условот на претходно осигурување:

1) 70% од основицата, почнувајќи од 31-от до 60-от ден на спреченоста за работа;

2) 80% од основицата, почнувајќи од 61-от ден на спреченоста за работа па сè до дека трае таквата спреченост;

в) на осигурениците — работници — работнички за време на спреченоста за работа поради нега на болно дете:

1) 80% од основицата за првите 60 дена за дете до една година;

2) 90% од основицата почнувајќи од 61-от ден па до крајот на спреченоста за работа за дете до една година, и

3) 70% од основицата за 15 дена на спреченоста за работа за дете постаро од една а помладо од 3 години.

Член 130

Во случај на спреченоста за работа за првите 30 дена, кога надоместокот на личниот доход паѓа на товар на средствата на приватен работодавец, височината на надоместокот изнесува:

1) 80% од основицата за осигурениците кои го исполнуваат условот на претходното осигурување;

2) 70% од основицата за осигурениците кои не го исполнуваат условот на претходното осигурување;

3) 100% од основицата на осигурениците од овој член чија неспособност за работа е предизвикана од несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Член 131

Надоместокот на личниот доход утврден со овој статут не може да биде помал од минималниот личен доход утврден со посебен пропис.

Член 132

Височината на надоместокот на личниот доход што паѓа на товар на средствата на Заедницата ќе се исплатува 100% од основицата:

1) за време на привремената спреченост за работа предизвикана со несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2) кога осигуреникот е одреден како придружник на болно лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место.

Член 133

На осигуреникот кој по овој статут остварува право на надоместок на личниот доход, а се наоѓа на лекување во стационарна здравствена или друга специјализирана работна организација во која има обезбедено сместување и исхрана, за тоа време му се намалува износот на надоместокот на личниот доход, и тоа:

1) 20% ако нема членови на семејството кои по овој статут се осигурени како членови на семејството на осигуреникот;

2) 10% ако има еден осигурен член на семејството.

Намалувањето по став 1 од овој член од 20% од основицата за надоместокот на личниот доход не може да изнесува помалку од минималниот личен доход утврден со посебни прописи.

Како членови на семејството на осигуреникот во смисла на ставот 1 од овој член се земаат предвид и децата на кои им се обезбедува здравствена заштита по основ на осигурување на неговиот брачен другар.

Член 134

Одредбите на претходниот член се однесуваат и на осигурениците кои за време на извршувањето на мерките за безбедност се упатени во установа заради чување и лекување.

Член 135

На осигурениците на кои за време на привремената неспособност за работа со скратено работно време (член 117) им припаѓа дел од надоместокот на личниот доход кој одговара сразмерно на времето поминато вон работа спрема полното редовно работно време, ако личниот доход остварен за време на скратено работно време е помал од соодветниот дел на надоместокот кој би им припаѓал за тоа време да не работеле, им припаѓа и надоместок во височина на таа разлика.

Осигуреникот кој во периодот на работењето со скратено работно време користи годишен од-

мор, му припаѓа соодветен дел од надоместокот на личниот доход од ставот 1 на овој член и за времс на користењето на годишниот одмор.

Член 136

На осигуреникот кој за време на спреченоста за работа е отстранет од должност поради поведена кривична постапка или постапка за повреда на работната должност, или е ставен во притвор или истражен затвор, му припаѓа намален надоместок на личен доход во височина од една третина од надоместокот, а ако има член на издржување — во височина од една половина. Ваквото намалување на надоместокот му припаѓа на осигуреникот додека за време на привремената спреченост за работа е оддалечен од должност во притвор или истражен затвор.

На осигуреник од ставот 1 на овој член кој со правосилна одлука е казнет само за повреда на работната должност односно кога биде пуштен од притвор или истражен затвор затоа што постапката против него со правосилно решение е сопрена, или затоа што со правосилна одлука е ослободен од обвинението, или обвинението е одбиено, но не поради ненадлежност на судот, ќе му се исплати запрениот дел на надоместокот на личниот доход.

Член 137

Осигуреникот кој во рок од 30 дена од денот на заклучувањето на боледувањето ќе стане повторно привремено неспособен за работа од иста болест, му се смета тоа боледување како продолжение на поранешното боледување како во поглед на основата и височината на надоместокот на личниот доход, така и во поглед на обврските на Заедницата за исплата на тој надоместок.

Посебни одредби за надоместок

Член 138

На осигурениците на кои со посебни прописи им е обезбедено бесплатно користење на здравствена заштита и кога по овој статут им припаѓа надоместок на личен доход, овој надоместок ќе се исплатува во височина од 100% од основот на надоместокот во сите случаи и за сето време на спреченоста за работа. Надоместокот во височина од 100% од основата се исплатува додека осигуреникот се наоѓа во стационарна или друга специјализирана здравствена работна организација во која има сместување и исхрана (член 133).

Средствата за покривање на разликата помеѓу износот на надоместокот на личниот доход кој на осигурениците им припаѓа по овој статут и износот до 100% на надоместокот се обезбедуваат од средствата наменети според посебните прописи за заштита на лицата од став 1 на овој член.

Член 139

На осигуреникот во работен однос кај југословенските организации во странство или во домаќинствата на тие осигурници односно осигурениците запослени во меѓународните организации (член 72 став 1 точка 1), како и осигурениците упатени во странство поради вршење на определени работи или задачи, или поради стручно усовршување, припаѓа за време на спреченоста за работа место надоместокот личен доход односно дневница или стипендија.

Исплатата на личниот доход, дневницата односно стипендијата ја вршат на свој товар организацијата или работодавецот кај кого осигуреникот од став 1 на овој член е вработен односно од кој прима стипендија. По исклучок, осигуреникот вработен во својство на куќна помошничка личниот доход за првиот месец го врши работодавецот на свој товар, а после тоа исплатата паѓа на товар на средствата на Заедницата.

На осигурениците кои се на работа во странство врз основа на посебна спогодба и задржале својство на лице во работен однос во Југославија (член 72 став 1 точка 1), им припаѓа надоместок на личен доход додека се наоѓаат во странство, на товар на средствата на Заедницата, ако за тоа време со спогодбата не им е обезбеден надоместок од странскиот работодавец.

На осигурениците кои стапиле во работен однос во странство врз основа на меѓународна спогодба кај странски работодавец, а кои се осигурени по овој статут во смисла на член 72 став 1 точка 2 од Статутот, им припаѓа за време на спреченоста за работа надоместок на личен доход на товар на средствата на Заедницата само додека се наоѓаат во Југославија.

На осигурениците од ставот 1 до 4 од овој член, кога им припаѓа надоместок на личен доход, како основа за надоместок се зема износот на основицата, која служи за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување во Југославија.

Надоместок во случај на бременост и породување

Член 140

На осигуреник — работничка од членот 72 став 1 точка 1—4 и точка 7 од овој статут, како и на осигуреник — жена што врши самостојна професионална дејност (член 78 — во натамошниот текст: осигуреник — работничка) им припаѓа надоместок на личен доход за време на отсуство поради бременост и породување во траење кое е како најмалку утврдено со законот за лицата во работен однос.

Надоместокот на личниот доход за време на отсуство поради бременост и породување изнесува 100% од основицата на надоместокот утврден според член 123—126 од овој статут.

Надоместокот на личниот доход од став 2 на овој член и припаѓа на осигуреникот — работничка за сето времетраење на отсуството поради бременост и породување (став 1) и не се намалува во смисла на член 133 од овој статут ако истата за тоа време се наоѓа во здравствена работна организација во која има сместување и исхрана. По истекот на отсуството надоместокот на личниот доход кој припаѓа на осигуреникот — работничка во случаите на спреченоста за работа (член 112) се утврдува со примена на член 129—131 од овој статут.

Одредбите на членот 140 од овој статут ќе се применуваат и во поглед на исплатувањето надоместокот на личниот доход за време на отсуството поради бременост и породување.

Член 141

На осигуреникот — работничка која по истекот на отсуството поради бременост и породување работи со скратено работно време во смисла на прописите за работни односи ѝ припаѓа, за времето поминато вон работа, дел од надоместокот на личниот доход утврден според член 128 ст. 1 т. 2 од овој статут во износ кој одговара сразмерно на времето поминато вон работа во однос на полното работно време.

На осигуреникот — работничка која во заштитниот период од став 1 на овој член стане привремено спречена за работа (член 112 ст. 1) ѝ припаѓа, додека трае спреченоста, покрај надоместокот од ст. 1 на овој член и надоместок на личниот доход за случај на привремена спреченост, која одговара на скратено работно време.

На осигуреник — работничка ѝ припаѓа надоместок на личниот доход од ст. 1 на овој член за време на користење на годишен одмор во заштитниот период.

Член 142

Одредбите на овој статут кои се однесуваат на работа со скратено работно време во текот на привремената спреченост односно во текот на хранење на детето и право на надоместок на личен

доход за тоа време, како и во случај на спреченост за работа во текот на работниот ден, нема да се применуваат на осигурениците кои вршат самостојна професионална дејност.

Член 143

На осигуреник — работничка ѝ припаѓа надоместок на личниот доход за време на бременост и породување на начинот и под условите предвидени во членот 139 од овој статут со тоа што исплатата на надоместокот на товар на средствата на Заедницата започнува од првиот ден на почетокот на отсутноста поради бременост и породување, доколку се исполнети условите од членот 139 по однос на местото на престојувањето.

Член 144

На осигуреник — работничка ѝ припаѓа надоместок на личниот доход за време на отсуството поради бременост и породување и по престанок на работниот однос или друга дејност, ако почетокот на периодот на заштитата поради бременост и породување (член 140 ст. 1) се падне:

— по разрешувањето од должност, а пред истекот на времето за кое според општиот акт на работната организација работникот е должен односно има право да остане на работа по соопштување на својата намера да истапи од работната заедница односно по одлуката за престанок на работата на работникот во работната организација;

— во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос односно друга дејност, ако во тој рок се пријави на надлежниот завод за вработување на работници.

Надоместок на патни трошоци

Член 145

Надоместокот на патните трошоци што им припаѓа на осигурените лица по одредбите на овој статут опфаќа:

1. надоместок на трошоците за превоз;

2. надоместок на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место.

Член 146

Надоместокот на патните трошоци им припаѓа на сите осигурени лица кога:

1. од здравствената работна организација, лекарот — поединец или лекарската комисија се упатени или поканети на друго место во врска со остварувањето на правата по овој статут,

2. морале да патуваат од местото на запослувањето, односно од местото на живеењето во кое нема лекар, до најблискиот лекар или здравствена организација во друго место поради лекарски преглед или лекување.

Член 147

Надоместок на патните трошоци припаѓа на осигуреникот и за придружникот ако по оценка на лекарот — поединец, лекарската комисија или здравствената работна организација на осигуреното лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место му е потребен придружник за време на патувањето и престојот.

Ако на лекување или лекарски преглед се упатуваат во друго место децата на осигуреникот или детето кое осигуреникот го земал на издржување, се смета дека придружник за време на патувањето е потрбен ако детето е помладо од 15 години, доколку не е обезбеден стручен придружник.

Член 148

Надоместокот на трошоците за превоз паѓа на товар на средствата на Заедницата и кога превозот на осигуреното лице е извршен поради прием во здравствена работна организација, испраќање од здравствена работна организација и пренесување од една во друга здравствена работна организација, во местото на запослувањето односно во местото на постојан или привремен престој на болниот ако потребата на превозот е условена од здравствената состојба на болниот, а таа потреба ја утврдил лекарот или здравствената работна организација, во која болниот е лекуван или и без тоа, ако превозот бил потребен поради итноста на случајот, односно од други медицински причини.

Одредбата од став 1 на овој член важи и кога осигуреното лице на кого здравствената заштита му се обезбедува во странство во смисла на членовите 74—78 на овој статут, се превезува од странство, ако потребата за превоз поради враќање во земјата ја утврдила Стручната служба за работите на здравственото осигурување врз основа на мислењето на лекарската комисија или установата во која осигуреното лице се лекува.

Член 149

Собранието на Заедницата го определува начинот на употребата на превозните средства имајќи ја предвид здравствената состојба на болниот и должината на патот, поблиските услови и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци, како и височината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место што на осигурените лица им припаѓа на товар на средствата на Заедницата.

Помош и спрема за новородено дете

Член 150

На осигурениците кои се здравствено осигурени по овој статут им припаѓа право на помош за спрема за секое новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;

2. на осигуреник — маж во случај на породување на неговиот брачен другар кој е осигурен како член на неговото семејство;

3. на осигуреник во случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за спрема на новородено дете припаѓа и во случај на породување на членот на семејството — жена на која се обезбедува здравствена заштита додека лицето по кое има право на таа заштита се наоѓа на отслужување на воениот рок.

Помош за спрема на новородено дете припаѓа и:

1. за дете родено во рок од 10 месеци од денот на смртта на осигуреникот, односно по разводот на бракот со осигуреникот на кого му припаѓа оваа помош;

2. за вонбрачно дете на осигуреникот ако татковството е утврдено врз основа на признание или судска одлука;

3. за усвоено дете до една година на живот.

Член 151

Собранието на Заедницата со посебна одлука ја одредува височината на помошта на спремата за новородено дете.

Примања во случај на смрт на осигурени лица

Член 152

На осигурените лица во случај на смрт на членот на семејството им припаѓа надоместок на трошоците за закоп, а на членовите на семејството во случај на смрт на осигуреникот — надоместок на трошоците за закоп и посмртна помош.

а) **Надоместок на трошоците за закоп**

Член 153

Надоместок на трошоците за закоп припаѓа на секој кој ќе изврши закоп на умрено осигурено лице.

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа и во случај на смрт на осигуреникот или член на семејството на осигуреникот и ако смртта настапила во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос или друга дејност, по која има својство на осигуреник — член на семејството на осигуреникот по овој статут.

Надоместок на трошоците за закоп припаѓа и во случај на смрт на членот на семејството на осигуреникот на кој здравствената заштита се обезбедува додека осигуреникот се наоѓа на отслужување на воениот рок.

Член 154

Височината на надоместокот на трошоците за закоп ја утврдува Собранието на Заедницата со одлука во зависност од возраста на осигуреното лице и движењето на трошоците во врска со погребот.

Надоместокот на погребните трошоци за осигурено лице умрено и закопано надвор од местото на постојаното живеење, се определува и исплатува во височина на надоместокот определен спрема местото на закопот, ако тоа за корисникот е поповолно.

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено за време на престој во странство се определува во височина на неопходно потребните погребни трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Височината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува надлежниот орган на Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско — конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

б) **Посмртна помош**

Член 155

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на неговото семејство им припаѓа, ако осигуреникот ги издржувал до неговата смрт, посмртна помош по височина на едномесечен износ од основата за надоместок на личниот доход, односно едномесечната последна пензија, материјалното обезбедување или привремениот надоместок при што се зема предвид и заштитниот додаток кој се исплатува со пензијата како и додатокот на инвалидност кој се исплатува со инвалидската пензија што му припаѓале на умрениот осигуреник по прописите на пензиското и инвалидското осигурување.

Се смета дека осигуреникот ги издржувал членовите на семејството во смисла на претходниот став, ако членовите на семејството имале право на здравствена заштита по основ на осигуреникот.

Глава V

ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА

Општи одредби

Член 156

Осигуреното лице ги остварува правата од здравственото осигурување на начин и под условите предвидени со закон, овој статут и другите општи акти на Заедницата и на начинот предвиден со договорот што го склучува Заедницата со здравствените работни организации (во натамошниот текст: договор за пружање на здравствена заштита).

Член 157

Правата од здравственото осигурување може да ги остварува лице на кое му е признаено својство на осигурено лице.

Својството на осигурено лице го утврдува Службата на Заедницата врз основа на пријавата за осигурување што ја поднесува организацијата односно приватниот работодавец.

Лице за кое организацијата односно приватниот работодавец ќе поднесе пријава за осигурување, може да бара од Службата на Заедницата со решение да му го признае својството на осигурено лице.

Признавањето својството на осигурено лице се потврдува со издавање на пропишана исправа за здравствено осигурување (здравствена легитимација) по форма и содржина пропишана од надлежниот републички орган.

Член 158

Пријава за осигурување на осигурените лица по однос на самостојна професионална дејност поднесува лицето кое врши самостојна професионална дејност.

Член 159

Ако Заедницата на лицето за кое е поднесена пријава за осигурување не му признае својство на осигурено лице, или тоа својство ќе му го признае по некој друг основ, донесува за тоа решение кое го доставува на заинтересираното лице и на подносителот на пријавата.

Против решението од претходниот став заинтересираното лице и подносителот на пријавата можат заеднички или секој поодделно да изјават жалба до Комисијата за жалби како второстепен орган на Заедницата. Решението на Комисијата за жалби е конечно.

Член 160

Правата од здравственото осигурување установени со закон, овој статут и другите општи акти, осигурените лица ги остваруваат во управна постапка пред Службата на Заедницата.

Постапката од претходниот став е двостепена.

Против првостепеното решение осигуреникот има право на жалба. Решението по жалба е конечно во управната постапка и против истото може да се води работен спор во редовна граѓанска постапка.

Против конечното решение од претходниот став со кое се решава за парични надоместоци или помошта, осигуреното лице може да поведе постапка пред Општинскиот суд надлежен според седиштето на Заедницата на здравственото осигурување кај која е осигурен или според местото на живеењето на осигуреното лице.

Член 161

Против првостепеното решение во втор степен решава Комисијата за жалби.

Мандатот на членовите на Комисијата трае 4 години.

Изборот и отповикувањето на членовите на Комисијата се врши на начин и постапка предвидени за другите органи на Заедницата.

Член 162

При решавањето за правата од членот 160 на овој статут, ќе се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка, ако со закон и овој статут не е поинаку определено.

Член 163

Во рамките на Заедницата се води евиденција на осигурениците што ја пропишува надлежниот републички орган.

Заедницата за свои потреби може да пропише и води и друга евиденција на осигурениците.

Остварување на здравствената заштита

Член 164

Осигурените лица ја остваруваат здравствената заштита на товар на средствата на Заедницата непосредно преку здравствените работни организации кои се оспособени за пружање на соодветни здравствени услуги.

Член 165

Осигурените лица имаат право на слободен избор на здравствена работна организација и лекар кој ќе им пружа здравствена заштита.

Начинот и условите под кои осигурените лица ќе ги користат услугите на здравствените работни организации и здравствените работници, се утврдуваат со посебни општи акти на Заедницата.

Член 166

Осигуреното лице може да биде упатено на лекување во странство во случај на:

— да се исцрпени сите можности за лекување на осигуреното лице во Југославија,

— да постојат можности за лекување во некоја здравствена установа во странство од кое би можело да се очекува поволни резултати.

Член 167

Се овластува Собранието на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија на единствен начин за Републиката, да ги регулира со посебен акт начинот и постапката за упатување на осигурените лица за лекување во странство.

Учество на лекарските комисии во постапката

Член 168

Во пружање на здравствената заштита и во постапката за остварување на правата на овој статут учествуваат: лекар, лекарска комисија, комисија на лекари — вештаци и комисија на инвалидско осигурување.

Член 169

Заедницата со општ акт формира лекарска комисија и комисија на лекари — вештаци, со кој го утврдува составот, надлежноста и начинот на работата на овие комисии.

Заедницата во смисла на чл. 165 ст. 2 од овој статут поблиску ги утврдува задачите на лекарот-поединец за спроведувањето на здравствената заштита на осигурениците.

Приговор на оценката на лекарот-поединец и лекарската комисија

Член 170

Ако осигуреникот не е задоволен со оценката што ја дал лекарот, може да изјави приговор до надлежната лекарска комисија, која е должна приговорот заедно со предметот, веднаш да го достави до комисијата на лекарите-вештаци. Приговорот може да се поднесува писмено и непосредно до комисијата на лекарите — вештаци.

Приговорот се поднесува усно или писмено во рок од 48 часа од соопштувањето на оценката, до лекарот против чија оценка е изјавен приговорот или непосредно до лекарската комисија.

Лекарот на кого му е изјавен приговорот усно, ако не ја преправи својата оценка, должен е да направи за тоа забелешка што ја потпишува и осигуреникот.

Лекарот на кого му е изјавен приговорот е должен веднаш да го достави предметот до надлежната лекарска комисија.

Член 171

Лекарската комисија е должна веднаш да го земе во постапка приговорот заради донесување на оценка.

Ако приговорот е изјавен против оценката за работната способност на осигуреникот, лекарската комисија е должна да го повика осигуреникот на преглед. Во другите случаи комисијата ќе го повика на преглед осигуреното лице ако смета дека е тоа потребно за давање на правилна оценка. Ако лекарската комисија смета дека е потребно да се дополни медицинската обработка, ќе ги определи без одлагање потребните медицински испитувања.

Оценката за здравствената состојба на осигуреникот и оценката за работната способност на осигуреникот мораат да бидат потполни, образложени и во согласност со медицинската документација што служат како основа за давање на оценката.

Оценката што ја дава лекарската комисија по повод изјавениот приговор против оценката на лекарот е конечна.

За оценката на лекарската комисија писмено ќе се известат лекарот, Службата на Заедницата, работната организација односно приватниот работодавец каде што е вработен осигуреникот.

Член 172

Против оценката на лекарската комисија може да се поднесе приговор до комисијата на лекарите — вештаци во рок од 3 дена од денот на соопштувањето на оценката на лекарската комисија, во случаи и под услови утврдени со овој статут.

Приговорот се поднесува усно, на записник или писмено до лекарската комисија против чија оценка се изјавува приговорот.

Комисијата е должна приговорот заедно со предметот, веднаш да го достави до комисијата на лекарите — вештаци. Приговорот може да се поднесува писмено и непосредно до комисијата на лекарите — вештаци.

Член 173

Комисијата на лекари — вештаци е должна да го земе во постапка приговорот заради давање на своја оценка.

Ако приговорот е изјавен против оценката на работната способност, комисијата на лекари-вештаци е должна веднаш да го повика осигуреникот на преглед. Во другите случаи комисијата ја дава својата оценка врз основа на медицинската документација, а може, ако најде дека тоа е потребно, и да го повика осигуреникот на преглед. Ако комисијата смета дека е потребно да се дополни медицинската обработка ќе ги определи без одлагање потребните медицински испитувања.

Оценката што ја дава комисијата на лекарите — вештаци по повод изјавениот приговор против оценката на лекарската комисија, е конечна.

За оценката на комисијата на лекари-вештаци писмено ќе се известат: осигуреникот, лекарската комисија против чија оценка е изјавен приговорот, лекарот-поединец, Службата на Заедницата и работната организација односно приватниот работодавец каде што осигуреникот е вработен.

Член 174

Службата на Заедницата, организацијата односно приватниот работодавец можат да бараат осигуреникот чија способност ја оценил лекарот, да се подложи на преглед од страна на надлежната лекарска комисија заради повторно оценување на неговата работна способност. Повторен преглед не може да се бара ако осигуреникот се наоѓа на лекување во стационарна здравствена работна организација.

Лекарската комисија е должна по применото барање веднаш да го повика осигуреникот на преглед.

Осигуреникот е должен да ѝ се јави на лекарската комисија заради преглед во рокот што ќе го определи комисијата. Ако осигуреникот без оправдани причини не се јави на поканата за преглед натамошното исплатување на надоместокот на личниот доход му се запира сè додека не се јави на поканата.

Остварување на правата на паричните надоместоци и помошти

Член 175

Правото на надоместок на личниот доход и другите парични надоместоци според овој статут и другите општи акти на Заедницата, осигурените

лица ги остварува, по правило, кај Службата на Заедницата.

Определени права од претходниот став осигурениците можат да остваруваат во работните организации во колку Заедницата со договор ќе ги пренесе овластувањата на работната организација.

Член 176

За правото на надоместокот на личните доходи на осигуреникот поради спреченост за работа кога се остварува на товар на Заедницата, решава Службата на Заедницата по претходно прибавена оценка и мислење на лекар-поединец односно лекарска комисија.

Член 177

Исплатата на паричните надоместоци и помошти се врши по правило, врз основа на поднесените докази, без донесување на формално решение.

По барање на осигуреното лице, Службата на Заедницата е должна за неговото право на паричен надоместок или помош да донесе решение во писмена форма (првостепено решение).

Против првостепеното решение со кое е одлучено за остварување на правата од здравственото осигурување, осигуреното лице има право на жалба до Комисијата за жалби на Заедницата.

Член 178

При решавање за правата од здравственото осигурување на осигурените лица ќе се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка, ако со закон и овој статут не е поинаку определено.

Член 179

Во постапката за остварување правото на надоместок на личниот доход и другите парични примања, осигуреното лице може против конечното решение на Заедницата да поведе постапка пред општинскиот суд надлежен според седиштето на Заедницата или според местото на живеењето на осигуреникот.

Член 180

За осигуреникот на кого му се исплатувал личниот доход непосредно пред настапувањето на случајот кој дава право на надоместок на личниот доход по овој статут, барањето за исплата на надоместокот на личниот доход стасува со денот на стасаноста на исплатата на личниот доход. За останатите осигуреници барањето за исплата на надоместок на личниот доход стасува со истекот на последниот ден за кој на осигуреникот му припаѓа надоместок — ако привремената спреченост за работа трае пократко од еден месец, а ако трае месец или подолго — со истекот на последниот ден на месецот.

Барањето на исплата на помош за спрема на новородено дете, ако не е исплатена пред раѓањето на детето а барањето за исплата на посмртна помош на денот на смртта на осигуреникот.

Стасаноста на барањето за исплата на патните трошоци, трошоците за превоз и останатите трошоци во врска со остварувањето на здравствената заштита кои паѓаат на товар на средствата на Заедницата, како и стасаноста на барањето за исплата на погребните трошоци ги одредува Собранието на Заедницата со одлука со која поблиску ги определува овие права.

Член 181

Барање за остварување правата на надоместок на личниот доход и другите парични примања по овој статут може да се поднесе во рок од 1 година од денот на стасаноста на правото.

Глава VI

ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Средства на здравственото осигурување

Член 182

Средствата за остварување на правата од здравственото осигурување се обезбедуваат со придонеси и други приходи утврдени со закон, овој статут и другите општи акти на Заедницата.

Средствата за здравствено осигурување за поодделна година се утврдуваат и распоредуваат со финансискиот план на Заедницата на здравственото осигурување. Со финансискиот план средствата се утврдуваат и распоредуваат според намената, и тоа:

1. за обезбедување задолжителни видови на здравствената заштита утврдени со закон, а во обемот утврден со програмата што ја донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

2. за обезбедување правата од здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

3. за обезбедување на правата од здравствената заштита над задолжителните видови на здравствена заштита утврдени со овој статут.

На крајот на годината се составува завршна сметка со која конечно се утврдуваат приходите и расходите на Заедницата.

Член 183

Средствата за здравственото осигурување на работниците ги обезбедуваат:

1. осигурениците — работници со придонеси од личниот доход;

2. организациите — со придонеси од својот доход, граѓанско правни лица и приватни работодавци со придонеси од своите средства, за осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, здравствено осигурување на осигурениците од членот 72 ст. 1 т. 1 т. 6 и 7 и членот 74 од овој статут и осигурувањето на здравствената заштита на осигурениците од членот 76 т. 1 до 4 од овој статут.

3. заедниците за работите на вработувањето — со придонеси од средствата обезбедени за правата на лицата од членот 72 став 1 т. 8—10 од овој статут;

4. Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување со придонеси од средствата обезбедени за правата на уживателите на пензија и корисниците на правата на професионална рехабилитација и правата на вработување според прописите на инвалидското осигурување, како и за уживателите на инвалиднина по прописите на инвалидското осигурување кои не се осигурени по било кој друг основ;

5. уживателите на пензија или инвалиднина, југословенски државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурувањето додека престојуваат на подрачјето на Заедницата на кои не им е обезбедена здравствена заштита со придонес од своите средства;

6. работниците вработени во странство кај меѓународните или други организации по основ на меѓународен договор и кај странските работодавци — со придонеси од своите средства за себе и за членовите на своите семејства што престојуваат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита од странскиот носител на здравственото осигурување, вклучувајќи го и придонесот на осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

7. лица што вршат самостојна професионална дејност како свое единствено или главно занимање — со придонеси од своите средства, вклучувајќи го и придонесот за осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

8. општествено-политичките заедници за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет и за неосигурени лица — со придонеси за здравствена заштита од средствата на буџетот;

9. осигурениците — работници — југословенски државјани кои на подрачјето на Заедницата се вработени во странски дипломатски и конзуларни претставништва, странски меѓународни мисии или во лична служба кај претставници што уживаат дипломатски имунитет — со придонеси од своите средства, вклучувајќи го и придонесот за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

10. странски носители на осигурувањето со надоместок на трошоците за здравственото осигурување на членовите на семејството на југословенските работници вработени во странство и уживателите на странски пензии кои живеат на подрачјето на Заедницата.

Член 184

Придонесите за здравствено осигурување се определуваат така што со средствата што се остварува от од придонесите заедно со останатите приходи се покриваат обврските на Заедницата по основ на осигурените права, обезбедуваат средства на резервниот фонд, спроведување на реосигурувањето, учество во финансирањето на фондот на солидарноста, средствата потребни за спроведување на здравственото осигурување, како и дел на средствата за развојот на здравствената служба.

Член 185

Придонесите за здравственото осигурување се определуваат одделно за обезбедување на:

1. задолжителните видови на здравствена заштита;

2. правата од здравственото осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

3. правата од здравствената заштита над задолжителните видови на здравствена заштита утврдени со овој статут.

Член 186

Придонесите за здравственото осигурување самостојно ги утврдува Заедницата на здравственото осигурување.

Член 187

Придонесите за задолжителни видови на здравствена заштита и за обезбедување на правата од здравствената заштита над задолжителните видови на здравствена заштита утврдени со овој статут се утврдуваат според единствени пропорционални стапки на личните доходи односно основицата.

Член 188

Придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести го утврдува Заедницата на здравственото осигурување според единствени пропорционални стапки на личните доходи, односно основици. Ако од објективни причини доаѓа до зголемената опасност, Заедницата може за одделни организации и приватни работодавци да утврди повисока стапка на придонес.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести не може за одделна организација односно приватен работодавец да биде повисока од 50% од редовната, утврдена за тоа осигурување на подрачјето на Заедницата.

Критериумите за определување височината на посебната стапка на здравственото осигурување на работниците во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест за одделни организации односно приватни работодавци ќе се утврди со посебен општ акт.

Член 189

За лица кои во странство стапиле во работен однос кај меѓународни и други организации по основ на меѓународен договор или кај странски работодавци, а се осигурени според овој статут, како и за осигуреници во работен однос кај југословенските организации, кои се наоѓаат на работа во странство, се плаќа и посебен придонес за користење на здравствена заштита во странство.

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се плаќа и за членовите на потесното семејство на југословенските работници вработени во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои им е обезбедена здравствена заштита кај странски носител на здравственото осигурување.

Посебниот придонес за лицата од став 1 на овој член се пресметува одделно за сите осигурени ризици според единствени пропорционални стапки.

Посебниот придонес за лицата од став 2 на овој член се пресметува одделно за секој осигурен ризик според единствени износи на придонесот.

Член 190

Собранието на Заедницата може за одделни категории осигуреници придонесите за здравственото осигурување да ги определи во постојани месечни износи.

Член 191

Одлуките за стапките на износите на придонесите мораат да бидат донесени пред почетокот на календарската година во која почнува нивната примена.

Доколку до тој рок одлуките не се донесат, во идната година, до донесување на одлуките ќе се применуваат стапките кои важеле во претходната година.

Член 192

Основица за пресметување на придонесот за здравствено осигурување е:

1. за осигурениците — работници во работен однос на подрачјето на Заедницата со најмалку половина од пропишаното полно работно време, членовите на преставничките тела и нивните органи, избраните лица во општествените, здружените и самоуправните организации, коморите, здруженијата и слично, членовите на занаетчиските, рибарските задруги и лицата што се во работен однос кои како инвалиди работат онолку време колку што им одговара на нивната работна способност — бруто личниот доход и други примања кои се изедначени со личниот доход;

2. за уживателите на пензија и корисниците на правото на професионална рехабилитација, правото на вработување по прописите на инвалидското осигурување и уживателите на инвалиднина кои не се осигурени по друг основ — пензиските и инвалидските примања, освен додатокот за помош и нега;

3. за југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурувањето — пензијата или инвалиднината;

4. за лицата што се привремено вон работен однос, иселениците-повратници што се населиле на подрачјето на Заедницата и останатите лица пријавени кај надлежниот завод за вработување просечниот износ исплатен на име паричен надомес-

ток на привремено безработните лица во месецот за кој се плаќа придонесот за здравственото осигурување.

Основицата за пресметување на придонесите, доколку не е утврдена со овој статут, ја утврдува Заедницата со посебна одлука.

Член 193

Лицата што вршат самостојни професионални дејности обезбедуваат средства за здравствено осигурување со придонесите од основицата што ја утврдува Заедницата со посебна одлука.

Член 194

Врз основа на самоуправен договор Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија може да се овласти со општ акт да ги определи придонесите и утврди основите за пресметување на придонесите за здравственото осигурување на југословенските државјани вработени во странство кај југословенските организации или во домаќинствата на тие осигуреници, како и за југословенските државјани вработени во странство кај странските организации односно работодавци кои не се задолжително здравствено осигурени според прописите на земјата во која се наоѓаат на работа, или не е обезбедена здравствена заштита за членовите на нивното потесно семејство кои живеат на подрачјето на Заедницата кај странски носител на здравственото осигурување.

Член 195

Ако личните доходи се пресметуваат и плаќаат во нето износи придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки пресметани за примена на нето личен доход, односно примена.

Член 196

Придонесот за здравственото осигурување се пресметува и плаќа во висина како е утврдено со одлука за висината на стапката за здравствено осигурување на примањата остварени со дополнителна работа, граѓанско-правен однос и други примања остварени вон работен однос.

Член 197

Од придонесите остварени за здравственото осигурување се формираат средствата на Заедницата.

Средствата на Заедницата се:

1. придонеси за здравственото осигурување;
2. надоместок од здравственото реосигурување;
3. средства на фондот за солидарноста;
4. средства остварени од вишокот на приходи над расходите според одлуката на Заедницата;
5. камата на вложените средства на Заедницата;
6. надоместок на трошоците за здравствена заштита на неосигурените лица;
7. приходи по основ на надоместок на трошоците за здравствена заштита по конвенции;
8. приходи по основ на надоместок на штета;
9. други приходи на Заедницата.

Од средствата на Заедницата се подмируваат расходите:

1. за остварување правата на осигурените и неосигурените лица по основ на задолжителните видови на здравствена заштита;
2. за остварувањето правата на осигурениците од здравственото осигурување по основ на несреќа на работа и заболување од професионални болести;
3. остварување на правата од здравствената заштита над задолжителните видови на здравствена заштита утврдени со овој статут;
4. за премиите на здравственото реосигурување;
5. за посебен придонес на фондот на солидарноста;
6. за надоместок на Стручната служба на Заедницата;
7. за финансирање на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија;
8. за потребите на студиските и научно-истражувачките работи со цел за унапредување на здравственото осигурување;
9. за финансирање на проширената репродукција во здравствените работни организации;
10. за отплата на непокриениот дел на вишокот на расходите над приходите утврден со завршната сметка на Заедницата;
11. за подмирување на останатите трошоци на Заедницата (трошоци на самоуправните органи, трошоци на платниот промет и др.).

Член 198

Средствата за обезбедување на задолжителни видови на здравствена заштита, средствата за обезбедување правата од здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и за заболување од професионални болести и средствата за обезбедување на правата од здравствена заштита над задолжителните видови на здравствена заштита утврдени со овој статут, се водат на единствена сметка одвоено по видови на правата.

Член 199

Средствата за обезбедување на здравствена заштита на неосигурените лица како и средствата за обезбедување на правата од здравственото осигурување на членовите на семејствата на лицата вработени во странство, доколку здравственото осигурување се обезбедува на товар на средствата на странскиот носител на осигурувањето, се водат и искажуваат одделно.

Член 200

Заедницата задолжително формира резервен фонд за обезбедување финансиска стабилност во работењето и ликвидноста во извршувањето на обврските спрема осигурените лица, здравствените работни организации и другите организации на кои им е доверено спроведувањето на здравственото осигурување.

Задолжителната резерва не може да биде пониска од двомесечниот просечен износ на планираните вкупни приходи на Заедницата за тековната година. Задолжителното ниво на резервата се обезбедува во рок од 4 години.

Задолжителната резерва од ставот 2 на овој член се обезбедува најмалку една четвртина во секоја година во која треба таа да се обезбеди.

Резервниот фонд на здравственото осигурување се формира со:

1. издвојување на определен процент од средствата остварени со придонесите за здравственото осигурување во височина која ќе ја определи Собранието на Заедницата;
2. издвојување од вишокот на приходите над расходите во височина која ќе ја определи Заедницата;
3. од камата на вложените средства на резервниот фонд.

Член 201

Средствата на резервниот фонд можат да се користат во текот на годината како обртни средства за извршување на текуштите обврски на Заедницата.

Средствата на резервниот фонд кои не се користат како обртни средства можат да се вложуваат во орочени депозити или благајнички записи со рок на враќање што ќе го утврди Собранието на Заедницата.

Средствата на резервниот фонд се водат на една сметка.

Член 202

Вишокот на расходите над приходите што се утврдува по завршната сметка на Заедницата се покрива:

1) од делот на задолжителната резерва која се формира од средствата на задолжителните видови на здравствената заштита, доколку вишокот на расходите е утврден по тие средства;

2) од делот на резервата кој се формира од средствата на здравственото осигурување по основ на несреќа на работа и заболување од професионални болести, доколку вишокот на расходите е утврден во тие средства;

3) од делот на резервата кој се формира од средствата на здравствената заштита над ниво на задолжителните видови на таа заштита и за другите права од здравственото осигурување утврдени со овој статут, доколку вишокот на расходите е утврден во тие средства.

Непокриениот дел на вишокот на расходите се покрива со кредити со тоа што отплатата се врши од тековните приходи на Заедницата остварени во наредните години според одлука на Заедницата.

Средствата на резервниот фонд потрошени за покривање вишокот на расходите над приходите до височината на задолжителниот дел треба да се врати на соодветниот дел на резервниот фонд во текот на наредната година.

Член 203

Заедницата на здравственото осигурување задолжително ги реосигурува здравствените ризици во следните случаи:

1. елементарни непогоди;
2. масовни несреќи;
3. масовни епидемии.

Член 204

Заедницата во договор со другите заедници на здравственото осигурување на работниците може да реосигурува на економски основи и според начелата на заемност и други ризици што можат да настанат во спроведувањето на здравственото осигурување.

Член 205

Заедницата договорно со другите заедници на здравственото осигурување го определува начинот на управувањето со фондот на здравственото реосигурување, обемот на ризиците што се реосигуруваат, тарифите на премиите за реосигурување, надоместоците што се обезбедуваат во случај на настанување на реосигурените ризици и условите и постапката за остварување на овие надоместоци.

Член 206

Од приходите остварени за задолжителните видови на здравствена заштита Заедницата обезбедува средства за финансирањето на фондот на солидарноста.

Средствата се обезбедуваат со посебен придонес во височина што ја утврдува Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците со свој акт.

Финансиско работење на Заедницата и пресметување и плаќање на придонесите

Член 207

Финансиското работење на Заедницата, пресметувањето и плаќањето на придонесите се врши на начин предвиден со законот, овој статут и другите акти на Заедницата донесени во согласност со овој статут.

Финансиското работење на Заедницата опфаќа:

1. составување на финансиски план за приходите и расходите на Заедницата;
2. остварувањето на приходите и извршувањето на расходите;
3. водење на книговодство и евиденција на финансиското работење и средствата на Заедницата;
4. составување на периодичен извештај и завршна сметка на средствата на Заедницата и резервниот фонд.

Член 208

Придонесите за здравственото осигурување ги пресметуваат и уплатуваат:

1. организациите и приватните работодавци — за работници вработени кај нив и за ученици во стопанството;

2. заедниците за работите на вработувањето за пријавените привремено безработни лица кои имаат права од здравственото осигурување врз основа на овој статут;

3. заедниците на пензиското и инвалидското осигурување за уживателите на пензија, корисниците на право од професионалната рехабилитација и правото на вработување по прописите на инвалидското осигурување како и за уживателите на инвалиднина;

4. уживателите на пензија или инвалиднина од странски носители на осигурување — сами за себе;

5. самите осигуреници — работници, југословенски државјани:

а) вработени во странство — за членовите на своето потесно семејство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странските носители на здравственото осигурување;

б) кои на подрачјето на Заедницата се вработени во странски дипломатски и конзуларни претставништва, странски и меѓународни мисии или во лична служба кај претставниците што уживаат дипломатски имунитет;

в) кои во странство стапиле во работен однос кај меѓународни и други организации по основ на меѓународни договори или кај странски работодавец, а се задолжително осигурени според законот и овој статут;

6. организациите — за лица на задолжителна практична работа или доброволна практика (волонтери);

7. организациите — за лица на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа го прекинале работниот однос, а примаат стипендија и за лицата кои пред воспоставувањето на работниот однос ги упатиле како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување;

8. организациите кај кои се изведува практична настава за учениците во стопанството односно учениците на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава;

9. странски носители на осигурувањето преку органот за врска — за членовите на семејството на нашите работници вработени во странство осигурени по меѓународните спогодби.

Собранието на Заедницата може да одлучи југословенските работни организации што вршат градежни или други работи во странство, наместо обврска за плаќање на придонес за користење на здравствената заштита во странство, да преземат обврски сами да ги сносат трошоците за здравствената заштита во странство што ја користеле осигурениците — југословенски работници вработени во таа организација на работите што ги изведуваат во странство како и за членовите на нивните семејства кои со осигурениците престојуваат во странство.

Член 209

Обврзници за уплата на придонесите за здравственото осигурување на лицата од членот 76 и 77 од овој статут се:

1. за лицата кои учествуваат во младински работни акции кои по прописите за инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност и за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции ако во тие работни акции работат најмалку 6 часа дневно — инвеститорот на тие работи на товар на своите средства;

2. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука, логорување и лицата припадници на терито-

ријалните единици, припадници на цивилната заштита — општината која ја организира предвојничката обука односно извршувањето на задачите;

3. за уживателите на постојаната државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет — Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика на товар на буџетот на Републиката;

4. за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии — организациите кај кои се изведува практичната работа во врска со наставата;

5. за лицата кои работат помалку од половина од полното работно време — организацијата кај која се вработени;

6. за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита — органот односно организацијата што ја формира доброволната организација на противпожарната заштита.

Член 210

Придонесот од членот 209 од овој статут се плаќа само за лица кои немаат својство на осигуреници, односно кои во рамките на Заедницата во која се осигурени користат помал обем на здравствена зашита од оној што им се обезбедува според овој статут.

Член 211

Обврзник на уплата на придонесите за здравствено осигурување за лицата што вршат самостојни професионални дејности е лицето што ја врши таа дејност.

Член 212

Собранието на Заедницата ќе донесе поблиски прописи за начинот на пресметувањето и плаќањето на придонесите за здравствено осигурување.

Врз основа на самоуправен договор Сојузот на здравственото осигурување на работниците на Македонија може да се овласти да ги донесе прописите од ставот 1 на овој член.

Член 213

Придонесите за здравственото осигурување обврзниците ги уплатуваат кај Службата на општественото книговодство за сметка на Заедницата.

Член 214

Наплатувањето на сите придонеси од обврзниците што своето финансиско работење го водат преку Службата на општественото книговодство ја врши таа служба при исплатата на средствата за личните доходи. Другите обврзници се должни сами да ги пресметуваат и уплатуваат придонесите во полза на сметката на Заедницата.

Член 215

Обврската за плаќање на придонесите стасува:

1. за обврзниците кои своето финансиско работење го водат преку Службата на општественото книговодство — на денот на подигањето на средствата за исплата на личните доходи;

2. за обврзниците кои своето финансиско работење не го водат преку Службата на општественото книговодство — последниот ден во месецот за кој се врши исплатата на личниот доход односно на првиот ден во месецот ако исплатата на личниот доход е договорена однапред;

3. за осигурениците кои се сами обврзници за уплата на придонесите — првиот ден во месецот за истиот месец.

За останатите обврзници на придонесот кои не се опфатени во претходниот став, обврската за плаќање на придонесите ќе се регулира со посебен акт на Заедницата.

Член 216

Обврзникот кој што не ќе ги плати придонесите во рокот на стасаноста, должен е да плати казнена камата по стапка од 0,1% дневно на износот на ненавременот платен придонес за сите делови на задоцнувањето.

Член 217

На обврзникот кој во пропишаниот рок не ги уплати стасаните придонеси, или не ги уплати во целост, Службата на Заедницата ќе издаде платен налог со кој ќе се задолжи обврзникот во рок од 8 дена од денот на врачувањето на истиот да ги уплати стасаните придонеси со казнена камата предвидена со член 216 од овој статут.

Обврзникот може во рок од 8 дена од денот на приемот на платниот налог да изјави приговор до Заедницата. Ако обврзникот благовремено изјави приговор, Службата на Заедницата може своето побарување да го оствари само со тужба кај надлежниот суд.

Платниот налог против кој не е благовремено изјавен приговор станува извршен.

Обврзникот на придонесот кој уплатил придонеси во поголем износ односно бил задолжен, има право да бара повраќај на повеќе уплатените износи.

Повеќе уплатените придонеси ќе се вратат на обврзникот на негово барање. Ако обврзникот не поднесе барање, повеќе уплатениот придонес се пресметува во наредните уплати на придонесите.

Член 218

Службата на општественото книговодство е должна по барање на Заедницата, врз основа на извршниот платен налог, односно врз основа на извршната судска пресуда, да изврши наплата на износот на неуплатените придонеси со пренос од сметките на обврзникот на сметката на Заедницата.

Ако исплатата не може да се изврши на начин предвиден во став 1 на овој член, исплатата на придонесите е должен да ја изврши на барањето на Заедницата судот по правилата на извршната постапка.

Член 219

Побарувањето на придонесите застарува за 5 години, сметајќи од крајот на годината во која стасала обврската за плаќање.

Текот на застареноста се прекинува со секое службено дејство на Стручната служба на Заедницата извршена со цел за утврдување на обврската за плаќање на придонесите или наплатата, кое е на пропишан начин ставено на знаење на обврзникот. По секое прекинување на текот на застареноста започнува да тече нов рок на застарување од 5 години. Во секој случај застареноста настапува по истекот на 10 години од денот кога првпат започнала да тече.

Побарувањата на обврзникот на придонесите за враќање на неправилно или повеќе уплатениот придонес, застарува за 5 години по истекот на годината во која наплатата е извршена.

Член 220

Одредбите на овој статут кои се однесуваат на обврската на организациите во поглед на пресметувањето и плаќањето на придонесите ќе се применуваат и за приватните работодавци, ако со овој статут и други општи акти на Заедницата не е поинаку определено.

Член 221

Службата на Заедницата е должна да врши преглед на книгите и евиденциите кај обврзниците на придонесите заради контрола на правилното пресметување и уплатување на придонесите.

Глава VII

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗДРАВСТВЕНО НЕОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА И ЛИЦАТА ОСИГУРЕНИ ПО МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОГОДБИ И КОНВЕНЦИИ

Неосигурени лица

Член 222

Задолжителните видови на здравствената заштита установени со закон Заедницата ги обезбедува и на лицата што живеат на подрачјето на Заедницата, кои се опфатени со задолжително здравствено осигурување според законот и овој статут.

Средствата за здравствена заштита за лицата од претходниот став се обезбедуваат со средства од буџетот на општината на чие подрачје овие лица имаат постојано место на живеење, а за лицата без постојано место на живеење — Републиката со средства од својот буџет.

Член 223

Општинските собранија и Републиката се должни да ги пријавуваат на Заедницата сите лица кои не се опфатени со здравственото осигурување, како и да ги пријавуваат сите промени кај овие лица.

Член 224

Доколку општинското собрание ќе установи поголеми права од правата опфатени со задолжителните видови на здравствената заштита на лицата од членот 222 од овој статут, истото е должно да ѝ обезбеди на Заедницата посебни средства за остварување на тие права.

Износот на средствата од претходниот став и начинот на наплатување на истите се утврдува со спогодба.

Член 225

За обезбедување на задолжителните видови здравствена заштита на лицата од членот 222 на овој статут, Заедницата склучува договор со општината во кој се определуваат меѓусебните права и обврски.

Спогодбата се склучува најмалку за период од 1 календарска година. Со спогодбата се определува начинот и постапката за решавање на спорните прашања.

Лица осигурени по меѓународни спогодби и конвенции

Член 226

Заедницата обезбедува здравствена заштита на осигурениците кај странските носители на здравственото осигурување кое е утврдено со меѓународни спогодби и конвенции во обемот и на начин предвидени со меѓународните спогодби односно конвенции.

Рефундацијата на трошоците за лицата од претходниот став се врши според прописите на нашата земја и меѓународните спогодби односно конвенции.

Глава VIII

СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 227

За вршење на стручните, административните, финансиските и другите работи во врска со спроведувањето на здравственото осигурување, Заедницата формира стручна служба (во натамошниот текст: Служба на Заедницата).

Член 228

Службата на Заедницата во својот делокруг ги врши овие работи:

1. ракува со средствата на Заедницата во согласност со законот, со овој статут и другите општи акти на Заедницата и заклучоците на самоуправните органи на Заедницата;
2. решава во прв степен за правата на осигурените лица и врши исплата на паричните надоместоци и помошти на осигурените лица;
3. врши исплата на трошоците на здравствената заштита на здравствените работни организации;
4. ги врши работите во врска со склучувањето на договорите со здравствените работни организации за пружање на здравствени услуги на осигурените лица и врши непосредна контрола за извршување на тие договори;
5. води потребна евиденција во врска со работењето на Заедницата и спроведувањето на здравственото осигурување;
6. подготвува финансиски план и завршна сметка на Заедницата;
7. подготвува нацрти на општи акти, програми и планови на Заедницата и учествува во нивното спроведување;
8. ги врши административните работи во врска со работата на самоуправните органи на Заедницата;
9. врши определени работи во врска со спроведувањето на здравственото осигурување што произлегуваат од конвенциите и другите меѓународни спогодби;
10. води потребна евиденција за неосигурените лица и врши исплата на трошоците на задолжителните видови на здравствена заштита на тие лица;
11. преку лекарските комисии врши оценка на работната способност на осигурениците како и оценка за здравствената состојба на осигурените лица во случаите определени со овој статут и другите општи акти на Заедницата;
12. ја следи состојбата и проблемите на спроведувањето на здравственото осигурување и во врска со тоа на самоуправните органи на Заедницата предлага потребни мерки за унапредување на осигурувањето;
13. врши и други работи што ќе ѝ бидат ставени во делокруг со овој статут и другите општи акти на Заедницата.

Службата на Заедницата може по основ на самоуправен договор помеѓу Собранието на Заедницата и другите интересни заедници да врши определени административни, финансиски и други стручни работи за сметка на други заедници односно органи и организации. Договорите за вршење на таквите работи ги склучува директорот на Стручната служба на Заедницата во согласност со одлуката на Собранието на Заедницата.

Член 229

Службата на Заедницата ги врши работите од својот делокруг во согласност со закон, овој статут, другите општи акти, насоките и заклучоците на самоуправните органи на Заедницата во согласност со политиката што ја утврдува Собранието на Заедницата.

Службата на Заедницата за својата работа е одговорна пред Собранието на Заедницата и е должна на барање на самоуправните органи на Заедницата, а најмалку еднаш годишно, да поднесува извештај за својата работа.

Член 230

Службата на здравственото осигурување работите од својата надлежност ги врши преку организационите единици во седиштето на Заедницата, организационите единици во седиштето на општините, лекарската комисија и комисијата на лекари-вештаци.

Организациони единици во седиштето на општините можат да бидат филијалите односно испоставите што се утврдуваат со овој статут.

Со филијалите односно испоставите раководи управител.

Член 231

Во Службата на Заедницата постојат следните филијали односно испостави како подрачно-организациони единици и тоа: Филијала Кичево, Струга и Дебар.

Член 232

Филијалата односно испоставата во својот делокруг:

— решава за правата од здравственото осигурување во прв степен и одобрува исплати на парични надоместоци и помошти од здравственото осигурување за своето подрачје;

— врши прием на пријавите и одјавите на осигурениците;

— се грижи за редовна наплата на придонесот за здравственото осигурување;

— ја води пропишаната евиденција и документација на осигурениците;

— води книговодствена евиденција на средствата;

— врши и други работи во врска со спроведувањето на здравственото осигурување.

Член 233

Организацијата и делокругот на работата на Службата на Заедницата ја регулира со општ акт Собранието на Заедницата.

Систематизацијата за бројот на работните места, бројот на работниците, школската подготовка и работното искуство се утврдуваат со општ акт на Советот на работната заедница на Службата во согласност со Собранието на Заедницата.

Член 234

Постојани стручни комисии на Службата на здравственото осигурување се:

1. лекарска комисија и

2. комисија на лекари-вештаци.

Составот, делокругот и начинот на работата на комисиите од претходниот став се регулираат со посебен општ акт на Заедницата.

Член 235

Службата на Заедницата ја раководи директорот на Заедницата.

Директорот е наредбодавец за извршување на финансискиот план на Заедницата.

Директорот за својата работа и за работата на Службата на Заедницата е одговорен на органите на Собранието на Заедницата и е должен да ги информира извршните органи на Заедницата кога тоа го бараат.

Член 236

Директорот на Заедницата особено ги врши следните работи:

1) се грижи работата на Службата да биде во согласност со закон, овој статут и другите општи акти, заклучоците и насоките на самоуправните органи на Заедницата;

2) ја застапува Заедницата во имотно-правните и работно-правните односи;

3) се грижи за ефикасно, економично и рационално работење на Службата на Заедницата а посебно за нејзината ажурност, стручност и правилен однос спрема осигурените лица;

4) се грижи за подготвување на материјали за органите на Заедницата и Службата на Заедницата;

5) ја усогласува работата на работните единици на Службата;

6) се грижи за благовремено спроведување на одлуките и заклучоците на самоуправните органи и Службата на Заедницата;

7) ја застапува Заедницата при склучување на договори со здравствените работни организации за пружање здравствена заштита на осигурените лица и ги потпишува истите заедно со претседателот на Собранието на Заедницата;

8) решава, до колку со овој статут и другите општи акти на Заедницата не е определено поинаку, во прв степен за правата и обврските на осигурените лица од здравственото осигурување; и

9) врши и други работи кои му се ставени во надлежност со овој статут и другите општи акти на Заедницата како и работите што ќе му бидат доверени од страна на работната заедница на службата.

Член 237

Директорот на Заедницата има право и обврски да присуствува на седниците на самоуправните органи на Заедницата, да учествува во дискусиите и дава предлози и мислења на одделни прашања без право на одлучување.

Ако директорот најде дека општиот акт или заклучок на самоуправните органи на Заедницата или на работната заедница на Службата е во спротивност со закон или овој статут, за тоа ќе го предупреди надлежниот орган на управувањето. Ако и по предупредувањето органот на управувањето остане при својот акт односно заклучок, директорот е должен во рок од 3 дена да предложи на органот на управата на Собранието на општината надлежен за работите на здравственото осигурување да поведе постапка за запирање на извршувањето на таквиот акт, односно заклучок. До донесувањето на акт со кој се решава по предлогот за запирање од извршувањето на актот односно заклучокот, тие не можат да се извршуваат.

Член 238

Директорот на Заедницата го именува и разрешува Собранието на Заедницата.

Директорот се именува за време од четири години, а може да биде и повторно именуван.

Конкурсот за именување на директорот го распишува и спроведува Комисијата за избор и именување. Оваа комисија во случаите определени со овој статут, може да поднесе и предлог за разрешување на директорот и пред истекот на рокот за кој е именуван.

Член 239

Директорот на Заедницата може да биде разрешен од должност и пред истекот на времето за кое е именуван во овие случаи:

1) ако тоа сам го побара;

2) ако стори тешка повреда на работната должност предвидена со општите акти за одговорност на работниците на Службата;

3) ако потешко ги повреди или на повеќе пати ги повреди прописите на општествената заедница од областа на здравственото осигурување или други прописи со кои се регулира работата на заедницата за здравственото осигурување и нивниот однос спрема општествената заедница;

4) ако потешко ги повреди општите акти на Заедницата или постапува спротивно на општите акти односно заклучоците на нејзините самоуправни органи;

5) ако со својата несовесна или неправилна работа ѝ нанесе значителна материјална штета на Заедницата или ако во вршењето на својата должност таква штета ѝ направи на општествената заедница;

6) ако поради невршење или несовесно вршење на својата должност ја доведе Заедницата во таква ситуација да не може да ги извршува своите основни задачи и обврските спрема осигурените лица и здравствените работни организации или значително го отежнува извршувањето на тие задачи односно обврски.

Пред истекот на времето за кое е именуван, директорот ќе се разреши од должност и кога со правосилна судска одлука биде утврдено дека против него настапила некоја од пречките за неговото именување во смисла на општите прописи.

Член 240

Сите права од работниот однос (одмори и отсуства, учество во распределбата на средствата за лични доходи и друго) директорот на Заедницата ги остварува во рамките на законот и општите акти на Заедницата и на работната заедница на Службата.

Член 241

Како раководни работници на Службата на здравственото осигурување се: директорот на Заедницата, заменикот на директорот, раководителите на Службата и управителите на филијалите и испоставите. (Забелешка: во случај на утврдување на посебно работно место — помошник директор или заменик на директорот, потребно е ова работно место да се предвиди во кругот на раководните работници).

Реизборноста на раководните работници од претходниот став задолжително се спроведува по истекот на секои четири години од нивното именување.

Член 242

Раководните работници на Службата на здравственото осигурување ги именува Собранието на Заедницата по пат на конкурс.

Конкурсот од претходниот став го распишува и спроведува Комисијата за избор и именување на Заедницата во постапка пропишана со закон и општите акти на Заедницата.

Член 243

За прием на работа, распоредување на работни места и престанок на работата на другите работници на Службата на Заедницата одлучуваат органите определени со правилникот за работните односи на работниците на Службата во постапката утврдени со тој правилник.

Член 244

Работниците на Службата на Заедницата ја сочинуваат работната заедница на Службата и во неа ги остваруваат своите самоуправни права кои произлегуваат од здружениот труд (работниот однос).

Самоуправните права од здружениот труд работниците на Службата ги остваруваат преку референдум со непосредно одлучување на собирите на работните луѓе во работната заедница.

Совет на работната заедница

Член 245

Највисок орган на управувањето во работната заедница на Службата е Советот на работната заедница.

Советот на работната заедница се состои од 15 члена.

Членовите на Советот ги избираат и отповикуваат членовите на работната заедница на Службата по пат на тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 2 години.

Никој не може повеќе од два пати едноподруго да биде избран за член на Советот на работната заедница.

Директорот на Службата не може да биде избран за член на Советот на работната заедница на Службата.

Член 246

Советот на работната заедница на Службата во својот делокруг:

1. ги донесува сите општи акти со кои се регулира организацијата на самоуправувањето во работната заедница на Службата, меѓусебните работни односи, одговорноста на работниците, внатрешната распределба на средствата за личен доход и други прашања од областа на внатрешните односи во работната заедница на Службата;

2. дава предлог на Заедницата за организација на Службата и ја утврдува во согласност со Собранието на Заедницата систематизацијата на работните места на Службата;

3. ја разгледува состојбата и проблемите на Службата и презема мерки за нејзиното унапредување;

4. решава во втор степен за правата и обврските на работниците на Службата од областа на работните односи;

5. врши и други работи кои ќе му бидат ставени во делокругот на неговата работа.

Член 247

Покрај Советот, како највисок орган на управувањето во работната заедница во Службата можат да се формираат по потреба и други органи (комисии и сл.).

Органите од претходниот став, составот, делокругот на работа, изборот и друго ќе се регулира со посебен правилник.

Член 248

Одговорните работници на самостојните организациони единици и претседателите на лекарските комисии и комисијата на лекарите-вештаци, за својата работа и работата на работниците од организационите единици непосредно се одговорни пред директорот и органите на Заедницата.

Член 249

Работниците на Службата на Заедницата ги вршат работите од делокругот на Службата во согласност со закон, овој статут и општите акти на Заедницата.

Работниците се должни работите и задачите што им се доверени да ги вршат совесно и уредно, придржувајќи се на законот, другите прописи и општите акти на Заедницата.

Член 250

Работникот е должен да ги извршува упатствата и наредбите на директорот на Заедницата односно одговорниот работник на организационата единица. Ако работникот смета дека упатството односно наредбата е незаконита или спротивна на општите акти на Заедницата е должен да му укаже за тоа на оној што го дал упатството односно наредбата. Повторната писмена наредба, ако таа не претставува кривично дело, работникот е должен да ја изврши.

Работникот е должен да ја чува службената тајна без оглед на начинот на кој за неа дознал.

Што се смета за службена тајна, како и кои се податоците и под кои услови можат да се објавуваат, ги утврдува Советот на работната заедница на Службата.

Член 251

Средствата за извршување на редовните работи на Службата се утврдуваат со финансискиот план на Заедницата,

Височината на средствата на редовните работи се утврдуваат врз основа на програмата за работа на Службата и документацијата за видовите, сложеноста и обемноста на задачите, потребни на кадрите, условите за работа и другите околности кои се од влијание за утврдување височината на средствата.

Средствата за вршење на редовните работи Службата ги остварува спрема извршената програма за работа и во рамките на оценката на резултатите на работата на Службата во текот на годината.

Утврдување на средствата за вршење на редовната работа и оценката на резултатите на работата на Службата врши Собранието на Заедницата со своја одлука.

Член 252

При утврдувањето на средствата за вршење, на редовните работи на Службата на Заедницата, Заедницата обезбедува и средства за успешно функционирање на Службата (трошоци за набавка на опрема, трошоци за изградба и адаптација на службени простории, средства за заедничка потрошувачка, изградба на станови за работници и сл.)

Член 253

За извршување на задачите што не се предвидени со програмата за работа на Службата на Заедницата, посебно кога се работи за посебни и посложени работи, Заедницата обезбедува средства за нивното извршување.

Член 254

Заедницата по предлог на Советот на работната заедница поблиску, во согласност со законот и другите прописи, ќе ги утврдува основите и мерилата за расподелбата на средствата на работната заедница на Службата.

Член 255

Работното време на Службата за здравственото осигурување изнесува 42 часа неделно.

Распоред на работното време во текот на неделата, како и времето за работа со странките, ќе се регулира со општ акт на Советот на работната заедница на Службата, а во согласност со Собранието на Заедницата.

Глава IX

НАРОДНА ОДБРАНА

Член 256

Работните луѓе на Службата на Заедницата имаат право и должност да учествуваат во заштитата и одбраната на независноста и територијалната целост на СФРЈ како социјалистичка заедница на рамноправни народи и народности и за таа цел формираат вооружени единици за одбрана и единици за заштита од воени дејствија, елементарни и други несреќи, користејќи ги целосно своите материјални средства.

Член 257

Службата на Заедницата изготвува план за организација на работата и вршење услуги на осигурените лица во случај на војна и во таа смисла ги оспособува своите кадри.

Службата изготвува план за евакуација на луѓето и материјалните средства.

Сите планови од народната одбрана во Службата мора да бидат усогласени со плановите на општествено-политичката заедница.

Член 258

Службата на Заедницата е должна да ги извршува одлуките на општествено-политичките заедници ,што се однесуваат за воени подготовки, извршување работи под такви услови како и други обврски утврдени со плановите на општествено-политичките заедници.

Член 259

За извршување на задачите од областа на народната одбрана што се предвидени со Законот за народна одбрана и овој статут, Советот на работната заедница на Службата формира комисија за народна одбрана која раководи, ги проучува, насочува и координира воените подготовки за заштита и одбрана на работната заедница.

Комисијата му предлага на Советот општи акти за регулирање на прашањето од народната одбрана.

Член 260

Работната заедница обезбедува потребни финансиски средства за организирање, вооружување, опремување и обука на единиците за одбрана и заштита како и приспособување и одржување засолништа и други поволни простории за таква цел.

Член 261

Работните луѓе на Службата на Заедницата се должни да ги чуваат како тајна сите податоци, документи, планови и други акти кои се однесуваат на воените подготовки, а се прогласени или определени со Законот за народна одбрана како тајни.

Член 262

Службата на Заедницата ќе донесе правилник со кој ќе бидат регулирани посебните должности на органите на управувањето и на членовите на работната заедница во врска со подготовките во случај на војна.

Глава X

СТАТУТ И ДРУГИ ОПШТИ АКТИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Член 263

Покрај Статутот, Заедницата донесува правилници, деловници и одлуки со нормативен карактер.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои со закон и овој статут е предвидено да се регулираат со такви акти.

Со деловници се регулира и начинот на работата на самоуправните органи на Заедницата.

Член 264

Со цел за поцелосно регулирање на спроведувањето на здравственото осигурување и неговото финансирање како и спроведувањето на самоуправувањето во Заедницата, Заедницата задолжително ги донесува овие општи акти:

1) Правилник за избор и отповикување членовите на самоуправните органи на Заедницата;

2) Правилник за спроведување на референдум;

3) Правилник за начинот на остварување на здравствена заштита и за другите права од здравственото осигурување;

4) Правилник за користење на ортопедско-протетски и други помагала;

5) Правилник за користење на забнопротетски средства;

6) Правилник за утврдување на основата и начинот на пресметувањето и плаќањето на придонесот за здравствено осигурување;

7) деловници за работа на самоуправните и стручните органи на Заедницата;

8) одлуки за стапките на придонесот за височината на погребните трошоци и надоместокот на патните трошоци и друго.

Покрај општите акти од претходниот став можат за одделни прашања да се донесуваат и други општи акти, доколку за тоа се покаже потреба или ако тоа биде одредено со закон или други прописи.

Член 265

Преднацртите на Статутот и другите општи акти ги подготвува Службата на Заедницата.

Нацртот за измените и дополненијата на Статутот и другите општи акти ги утврдува Извршниот одбор на Собранието на Заедницата.

Член 266

Измени и дополненија на Статутот може да предлагаат:

— една петтина од членовите на Собранието;

— Извршниот одбор на Собранието;

— советите на осигурениците;

— работната заедница на Службата на Заедницата.

Член 267

Предлогот за измени и дополненија на Статутот се смета за прифатен ако за него гласаат 2/3 од присутните членови на Собранието на Заедницата.

Предлогот се доставува во писмена форма со образложение.

Член 268

Собранието на Заедницата е должно да спроведе постапка за изјаснување на осигурениците пред да се усвојат измените и дополнувањата на Статутот односно пред донесување на општите акти и тоа:

1. кога се востановуваат нови или се укинуваат постојаните права од здравственото осигурување и

2. за прашањата од членот на овој статут.

Член 269

Изјаснувањето на осигурениците за случаите предвидени со овој статут се врши преку:

1) советите на осигурениците:

2) собирите на осигурениците во работните организации;

3) преку дневниот печат и други средства за информирање.

Собранието на Заедницата го утврдува за секој конкретен случај на донесување на општи акти начинот на изјаснувањето на осигурениците од претходниот став, како и рокот во кој треба изјаснувањето да се изврши.

Член 270

Собранието на Заедницата може во зависност од значењето на општиот акт, пред неговото донесување да го достави на мислење на:

— собранијата на општините од подрачјето на Заедницата;

— општинските конференции на ССРНМ;

— општинските синдикални совети;

— општинските конференции на СКМ;

— професионалните организации на осигурениците, како и здруженијата на пензионерите и инвалидите на трудот.

Собранието на Заедницата може одделни општи акти да ги достави на мислење и на други органи и организации.

Член 271

Кога собранието прими предлог на општ акт, за кој задолжително според овој статут треба да се изјаснат осигурениците, го утврдува поднесениот предлог на општиот акт како свој предлог со евентуални измени и дополненија и го доставува на изјаснување на осигурениците.

Откако осигурениците ќе се изјаснат по предлогот на општиот акт на начинот предвиден со овој статут и деловникот за работа на самоуправните органи на Заедницата, службата на Заедницата ги средува и систематизира забелешките, предлозите и мислењата на осигурениците и ги доставува на Собранието на разгледување при донесувањето на конкретниот општ акт.

Кога предлогот на општиот акт, во смисла на овој статут, не треба задолжително да се достави на изјаснување на осигурениците, односно кога мислењата, забелешките и предлозите на осигурениците се разгледаат, Собранието, согласно одредбите на деловникот за работа на Заедницата, го донесува општиот акт.

Член 272

Статутот и другите општи акти на Заедницата влегуваат во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“ доколку со општиот акт не е поинаку определено.

Член 273

Задолжително толкување на одделни одредби на овој статут и другите општи акти дава Собранието на Заедницата.

Глава XI

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 274

Сите права и обврски на осигурените лица кои се регулираат со овој статут ќе почнат да се применуваат од 1 јануари 1973 година.

Член 275

Службата на здравственото осигурување установена со овој статут ќе отпочне со работа од 1. I. 1973 година.

Конституирањето на Службата ќе го изврши Заедницата во согласност со овој статут и општите акти, врз основа на него, најдоцна до 31. XII. 1973 година.

Службата на Заедницата ги презема затечените работници на комуналните заводи за социјално осигурување и филијалите и ги распоредува на работа според актот за систематизација на работните места на Службата донесени на начелата и постапката утврдени со овој статут, доколку ги исполнуваат условите за школската подготовка и другите услови предвидени со актот за систематизацијата на работните места на Службата.

Член 276

По влегувањето во сила на овој статут раководните работници Собранието на Заедницата задолжително ги избира по пат на конкурс.

Член 277

Осигурените лица кои на денот на почетокот на примената на овој статут користат права од здравственото осигурување добиени по прописите што важеле до тој ден ги користат од тој ден тие права по одредбите на овој статут и општите акти донесени врз основа на него, ако е тоа за нив поповолно.

Ако осигурените лица од претходниот став не ги исполнуваат условите пропишани со одредбите на овој статут и општите акти донесени врз основа на него за користење на правата што им се признаени по поранешните прописи, го продолжуваат започнатото користење на тие права според одредбите на овој статут и општите акти на Заедницата, како да ги исполнуваат условите предвидени со Статутот односно општите акти.

Правата од став 1 и 2 на овој член, осигурените лица можат да ги користат најмногу шест месеци од почетокот на примената на овој статут.

Член 278

Осигурените лица здравствената заштита ќе ја користат врз основа на здравствените легитимации издадени според поранешните прописи и по 1 јануари 1973 година, сè додека тие не бидат заменети со нови здравствени легитимации усогласени според овој статут, а најдоцна до крајот на 1973 година.

Член 279

Овој статут влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1. I. 1973 година.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

Бр. 01-8716
10. XI. 1972 година
Охрид

Претседател,
Драго Киселинов, с. р.

21.

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 257 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, на седницата одржана на ден 20. 12. 1972 година, донесе

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се утврдуваат условите и начинот на остварување здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување на осигурените лица на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид (во натамошниот текст: Заедница) во целост или делумно врз товар на средствата на Заедницата.

Член 2

Одредбите од овој правилник ќе се применуваат на сите осигурени лица од подрачјето на Заедницата како и на лица кои постојано или повремено се вработени или живеат надвор од подрачјето на Заедницата.

Член 3

Осигурените лица ја остваруваат здравствената заштита во сите здравствени работни организации кои се основани и работат по прописите на Законот за здравството, а на начинот предвиден во Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Закон); Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид (во натамошниот текст: Статут); овој правилник; другите општи акти на Заедницата и договорите склучени помеѓу здравствените работни организации и Заедницата.

Член 4

Осигуреното лице остварува здравствена заштита, по правило, кај здравствената работна организација со која Заедницата склучува договор во местото на работата или живеалиштето, која може да му пружи потребна здравствена услуга, а според сопственото слободен избор.

Во случај избраната работна организација да не е во можност на осигуреното лице да му пружи одделни здравствени услуги, осигуреното лице таквите услуги ќе ги користи во најблиското место каде постои здравствена работна организација која може да пружи такви здравствени услуги.

За време на привремен престој надвор од подрачјето на Заедницата поради службено патување, користење на годишен одмор, во медицински оправдани и итни случаи и други оправдани причини, осигуреното лице може, на товар на средствата на фондот, да оствари здравствена заштита кај најблискиот лекар односно здравствена работна организација на подрачјето каде привремено престојува, доколку со овој правилник не е поинаку определено.

Член 5

Осигурениците кои работат надвор од подрачјето на Заедницата и членовите на семејствата кои постојано се настанети на подрачјето на други заедници, остваруваат здравствена заштита во обем и начин предвиден со Статутот и Правилникот за начинот и условите за здравствена заштита на Заедницата на здравственото осигурување на подрачјето каде тие работат односно живеат.

Член 6

Трошоците на користењето на здравствената заштита паѓаат во целост на товар на средствата на фондот, ако осигуреното лице здравствената заштита ја користи на начинот предвиден со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, Статутот на Заедницата и другите акти донесени врз основа на него, како и договорите склучени помеѓу Заедницата и здравствените работни организации доколку со општи акти на Заедницата не е воведено учество на осигурените лица во трошоците за користење на здравствена заштита.

До колку осигуреното лице користи здравствена заштита поинаку од условите утврдени со општите акти на Заедницата, Заедницата ги поднесува трошоците во височина која би одговарала кога таква здравствена заштита би била пружена во здравствена работна организација во смисла на овој правилник.

Член 7

Осигурените лица здравствената заштита ја користат врз основа на пропишана исправа (здравствена легитимација) издадена од службата на Заедницата кај која се осигурени.

По користењето на здравствената заштита осигурените лица се должни да го докажат својството на осигурено лице со здравствената легитимација заверена со податоци за осигурувањето, а својот идентитет го потврдуваат со лична карта.

По исклучок од претходниот став, осигуреното лице може да користи здравствена заштита и без здравствена легитимација кога медицинската помош му е итно потребна, со тоа што дополнително, во рок од 3 дена, да го докаже своето право на користење здравствена заштита на товар на фондот на Заедницата.

По исклучок од ставот 1 на овој член децата до 6 месеци возраст здравствена заштита можат да користат и врз основа на здравствена легитимација на еден од родителите.

Член 8

Ако осигуреното лице на кое му е издадена здравствена легитимација, престојува односно има живеалиште надвор од местото на седиштето на работната организација или приватниот работодавец кај кого што осигурениКот работи, тој користи здравствена заштита врз основа на здравствена легитимација и потврда за работен однос на осигуреникот, која ја издава работната организација, работодавецот или надлежната служба на Заедницата.

Член 9

До колку за одделни видови здравствена заштита е утврдено задолжително учество на осигурените лица (партиципација) во трошоците за користење на одделни видови здравствена заштита, осигуреното лице е должно тој дел на трошоците да го плати непосредно на здравствената работна организација при користењето на здравствената заштита.

Глава II

СЛОБОДЕН ИЗБОР НА ЛЕКАР И ЗДРАВСТВЕНА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 10

Осигурените лица слободно ја избираат здравствената работна организација од амбулантно-поликлинички тип и здравствен работник во неа од следните профили: лекар од општа медицина, стоматолог (заболекар) односно забар, педијатар (специјалист за детски болести), фтизиолог (специјалист за белодробни болести и туберкулоза), гинеколог (специјалист за женски болести), дерматовенеролог (специјалист за кожни болести), оториноларинголог (специјалист за уво, нос и грло), офтал-

молог (специјалист за очни болести), специјалист-хирург.

Осигуреното лице може непосредно и без упат да користи здравствена заштита кај избран лекар во специјалистичките диспензери за душевно болни лица.

Член 11

Осигурените лица обезбедуваат слободен избор на лекар-поединец односно лекар-специјалист (член 10) со своето определување и регистрација во службената евиденција на надлежната здравствена работна организација според своето место на работата односно живеалиштето.

Член 12

Изборот на лекар од членот 10 на овој правилник за деца од предучилишна и училишна возраст го вршат родителите односно старателите според местото на живеалиштето на децата. Во местата каде што нема детски диспензер односно училишни амбуланти, децата ги определуваат кај лекари од општа практика.

Член 13

Во здравствени работни организации односно на истурените здравствени пунктови во кои не е можно да се изврши избор на лекар поради мал број на лекари според местото на работата односно живеалиштето на осигурените лица, надлежен лекар е лекарот кој работи во таквите здравствени работни организации односно пунктови.

Член 14

Осигуреното лице, по правило, може да ја менува избраната работна организација односно избраниот лекар со пренесување на својот здравствен картон и останатата медицинска документација кај новоизбраната здравствена работна организација односно лекар.

По исклучок, осигуреник кај кој е утврдена привремена спреченост за работа (отворено боледување) не може да ја менува избраната здравствена работна организација односно лекар-поединец сè додека трае таа спреченост, како ни во рок од 30 дена по престанокот на таа спреченост.

Член 15

Осигуреното лице кое нема избран лекар, односно здравствена организација, ќе се смета дека се определило за лекар односно здравствена работна организација кај која првпат ќе се обрати поради користење на основна здравствена заштита.

Член 16

На осигуреното лице лекарот може да му ускрати понатамошно пружање на здравствена заштита во случај на груба повреда на домашниот ред на здравствената работна организација или непридржување на одреден начин на лекување или поради неодговорен однос на осигуреното лице спрема лекарот (заканување, обид за физички напад и слично).

Избраниот лекар не може да одбие пружање на здравствена заштита доколку со таквото одбивање би можеле да настанат штетни последици по здравјето на осигуреното лице, како и за времетраењето на привремената неспособност за работа поради болест, сè додека трае таквата неспособност.

За секој случај од претходниот став одлучува здравствената работна организација во смисла на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 20/70).

Член 17

Осигуреникот има право во текот на лекувањето од здравствената работна организација да бара конзилијарен преглед или консултација на лекар што сам ќе го избере, ако станува збор за болест од потешка природа, ако е предложено да се подложи на оперативен зафат или ако не е задоволен од начинот на лекувањето.

Независно од барањето на осигуреното лице, конзилијарен преглед може да побара, по своја должност и лекарот што го лекува болниот.

Член 18

Конзилијарен преглед во смисла на претходниот член се врши во истата или најблиската работна организација која располага со медицински стручњаци за конзилиум.

Составот на конзилиумот го определува директорот на здравствената работна организација во која треба да се изврши конзилијарниот преглед.

Мислењето што е дадено од конзилиумот е задолжително за лекарот кој го лекува осигуреното лице односно лекарската комисија.

До колку конзилијарниот преглед треба да се изврши надвор од местото на работата односно живеалиштето, осигуреното лице има право на патни и дневни трошоци според Одлуката на Заедницата.

Глава III

ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. Користење на амбулантна здравствена заштита

Член 19

Здравствената заштита осигурените лица ја остварува непосредно односно без упат кај избраниот лекар во здравствените работни организации од амбулантно-поликлинички тип.

Преглед и лекување кај лекар-специјалист, освен кај лекарите-специјалисти од членот 10 став 1 од овој правилник, осигурените лица остваруваат само со упат од избраниот лекар од општа медицина со право на избор на лекар-специјалист во избраната здравствена организација.

Преглед и лекување надвор од избраната здравствена организација осигурените лица остваруваат само со упат од лекар-специјалист од соодветниот профил. Во случаите кога таков профил во избраната здравствена организација не постои, специјалистичкиот упат го издава избраниот лекар од општа медицина.

Доколку осигурените лица сакаат да остварат специјалистична здравствена заштита надвор од избраната здравствена организација за оние профили кои му ги обезбедува избраната здравствена организација сами ги поднесуваат трошоците за направените прегледи и услуги.

Ако според местото во кое осигуреното лице е упатено да користи здравствена заштита е потребно да му се надоместат патните трошоци лекарот што го упатува ќе му издаде патен налог. На патниот налог здравствената работна организација што пружила здравствена заштита констатира ден и час на јавувањето на осигуреното лице и ден и час на завршувањето на прегледот односно услугите на осигуреното лице.

По добивање на упатот осигуреното лице должно е да се јави на здравствената работна организација во која е упатено, најдоцна во рок од 10 дена по приемот на упатот. По извршениот преглед осигуреното лице е должно да се јави на лекарот што го упатил и тоа веднаш или најдоцна во рок од 3 дена поради натамошен третман.

Во упатот, покрај дијагнозата, задолжително треба да се означат и резултатите од лабораториските и други анализи, доколку такви се вршени, како и третманот на непосредното лекување и постигнатите резултати од претходното лекување.

Член 20

Избраниот лекар од општа медицина може да упати осигурено лице на амбулантни прегледи и лекување односно медицинска рехабилитација во здравствени и други специјализирани здравствени организации во Републиката, како и вон Републиката, но потребно е претходно да обезбеди согласност од лекарската комисија на Заедницата.

Лекарската комисија од претходниот став, со консултација на надлежната клиника при Медицинскиот факултет — Скопје, утврдува потреба за лекување на осигуреното лице во здравствената работна организација надвор од Републиката, односно во странство, ако таква здравствена заштита не може да се обезбеди во нашата Република односно во нашата земја.

Член 21

Осигуреното лице остварува здравствена заштита кај избран лекар-специјалист во избрана здравствена работна организација на подрачјето каде што работи, односно во местото на живеалиштето.

Доколку осигуреното лице бара од избраниот лекар од општа медицина упат до специјалист што е подалеку од најблиската здравствена работна организација — нема право на патни трошоци.

Лекарот-специјалист од став 1 на овој член, кај кого осигуреното лице е упатено на специјалистички преглед односно лекување, должен е да го извести лекарот што го упатил болниот за својот наод односно спроведеното испитување.

Член 22

Ако осигуреното лице користи здравствена заштита на подрачјето на Заедницата кај друг лекар односно здравствена установа од општа медицина, а не кај избраниот лекар и здравствената установа за која се определило, само ќе ги сноси трошоците за прегледот и услугите, освен во итните случаи.

Член 23

Осигуреното лице има право да користи медицинска помош и нега во својот стан и во службата за итна помош кога спрема мислењето на избраниот лекар односно лекарот на службата за домашна посета и итна помош постои медицинска оправданост, односно кога според природата на заболувањето осигуреното лице не е во можност таква помош да користи во здравствената организација која му обезбедува здравствена заштита сè додека постои оправданост за пружање таква помош. Ако осигуреното лице од ставот 1 на овој член неоправдано ја повикало службата за домашна посета односно итна помош, должно е само да ги сноси трошоците на таквите услуги.

Во случај на приговор против мислењето на избраниот лекар односно лекарот на службата за домашна посета во смисла на претходниот став, оценка дава лекарската комисија на Заедницата во рок од 48 часа. Приговорот се поднесува усно, на записник, или писмено до лекарот кој дава такво мислење, а овој е должен без одлагање заедно со поставената дијагноза да го достави на лекарската комисија.

Член 24

Осигуреното лице — породилка има право на медицинска помош и нега во својот стан непосредно по отпуштањето од породилиштето, ако за таквата помош односно домашна нега, според мислењето на избраниот лекар постои неопходна потреба поради здравствената состојба на породилката, односно новороденчето.

Член 25

Во одредени услови и медицински и други критериуми, осигурените лица имаат право и на домашна нега преку соодветно организирана служба.

Член 26

Здравствените работни организации од членот 19 од овој правилник се должни да водат здравствен картон за секое осигурено лице што се определило за лекување кај нив.

Податоците што се внесуваат во здравствениот картон ги пропишува надлежниот орган со посебен пропис.

2. Користење на стационарно лекување

Член 27

Кога поради природата на заболувањето не е можно да се спроведе со успех амбулантно и домашно лекување, избраниот лекар-поединец односно лекарот-специјалист кај кого осигуреното лице било упатено поради преглед и лекување како и лекарот на службата за итна помош, односно лекарот на стационарната здравствена организација, осигуреното лице го упатува на лекување во најблиската стационарна здравствена работна организација.

Во итни случаи здравствената работна организација може да прими на лекување осигурено лице и без упат.

Во стационарните здравствени работни организации надвор од подрачјето на Заедницата, односно во организации надвор од нашата Република и земја, осигурените лица се упатуваат на лекување на начинот и по постапката предвидена со членот 20 од овој правилник.

Член 28

Кога осигуреното лице се наоѓа на лекување во стационарна здравствена работна организација, а во меѓувреме постои потреба од лекување во друга здравствена стационарна работна организација од друг профил, со исклучок на случаите од членот 41 од овој правилник, се упатува со интерболнички упат.

Член 29

Стационарната здравствена работна организација по извршениот преглед на болниот одлучува дали е потребно стационарно лекување.

Ако при прегледот од ставот 1 на овој член се констатира дека болниот нема потреба од стационарно лекување, го враќа кај лекарот-поединец со свое мислење за натамошен третман на амбулантно-поликлиничко лекување.

Член 30

Доколку стационарната здравствена работна организација нема слободно место за прием и сместување на болниот, а случајот не е итен го одложува приемот на болниот на одредено време или писмено го повикува на лекување откако се создадат услови за неговиот прием, кое се забележува на болничкиот упат и со истиот се прима на лекување односно не е потребен нов упат.

Член 31

Ако лекувањето не може со успех да се изврши во стационарната здравствена работна организација на која осигуреното лице било упатено на лекување, тоа го упатува во друга соодветна каде лекувањето може со успех да се изврши, а за тоа го известува лекарот-поединец кој го упатил на лекување.

Член 32

Ако осигуреното лице не сака да се лекува во стационарна здравствена работна организација во која е упатено од надлежниот лекар односно

лекарската комисија, туку бара да биде упатено во некоја друга стационарна здравствена работна организација, надлежниот лекар ќе го уважи таквото барање и ќе издаде упат за такво лекување во здравствената работна организација која осигуреното лице само ја избрало. Во таков случај трошоците за лекување и патните трошоци паѓаат на товар на средствата на фондот до износот кој што би се платил на здравствената работна организација во која осигуреното лице требало да биде упатено. Разликата до полниот износ на трошоците паѓа на товар на осигуреното лице.

Член 33

При давањето на болничкиот упат во смисла на претходниот член, надлежниот лекар на десниот агол од упатот ќе го стави овој текст: „Заедницата ги поднесува трошоците за ова лекување до висината утврдена со договорот склучен помеѓу: (назив на здравствената работна организација) и Заедницата“.

На долната десна страна под овој текст: „Согласен за плаќање на разликата во цената“, кој своерачно го потпишува осигурениКот, а го потврдува Службата на Заедницата.

Член 34

На осигуреното лице, кое се упатува на стационарно лекување, му се дава пропишан болнички упат за осигурени лица, како и потврда за патни и дневни трошоци, доколку на такви има право.

Лекарот—поединец за осигурените лица кои ги упатува на стационарно лекување надвор од нивното место на живеење, должен е претходно да обезбеди место во стационарната здравствена работна организација на која се упатува за прием и сместување, а потоа му го дава болничкиот упат известувајќи го за денот на приемот во стационарот.

Член 35

Осигуреното лице кога е упатено на лекување во стационарна здравствена работна организација должно е да се јави во рокот што ќе го одреди надлежниот лекар, а најдоцна во рок од 48 часа, освен во стационарна здравствена работна организација која претходно закажува ден на приемот.

По завршеното лекување осигуреното лице е должно да се јави на својот лекар во рок од 3 дена по отпуштањето од стационарната здравствена работна организација.

Ако осигурениКот одбие одредена медицинска помош или интервенција, освен ако по закон не е потребна согласност од болниот за таква помош или интервенција, ќе се смета дека болниот го одложува лекувањето.

Член 36

Ако стационарната здравствена работна организација тврди дека осигуреното лице може да се лекува во својот стан (домашно лекување) може сама да преземе грижа за спроведување на таквото лекување или да му предложи на лекарот-поединец односно на амбулантно-поликлиничката служба за спроведување на домашно лекување.

Домашно лекување може да се организира за болни кои имаат потребни станбени услови ако со таквото лекување не се доведува во опасност здравствената состојба на членовите од неговото семејство (опасност од зараза и др.). Условите за домашно лекување претходно треба да ги испитува патронажната служба на стационарната, односно амбулантно-поликлиничната служба во здравствената работна организација кај која осигуреното лице се лекува.

При спроведување на домашното лекување за болни лица задолжително се води пропишаната здравствена евиденција (историја на болеста, температурна листа, земање на лекарства, движењето на болеста и сл.).

Член 37

За време на стационарното лекување на детедоенче до една година, мајката го придружува детето, а дете до 3 годишна возраст, мајката може да го придружува само во исклучително медицински оправдани случаи, за што одлучува раководителот на здравствената работна организација.

За време на престојот во стационарот за мајката се обезбедува исхрана и сместување на товар на фондот.

За време на лекувањето на мајката-доилка, на детето-доенче до една година старост му се обезбедува бесплатна нега и сместување.

Член 38

За домашното лекување од членот 36 на овој правилник земените права и обврски помеѓу Заедницата и семејството на болниот во поглед на обезбедување исхрана и потребна нега се регулираат со договор.

Член 39

Контролен преглед на осигурените лица што се лекувале во стационарни здравствени работни организации се врши во местото на работата или живеалиштето на осигуреното лице односно во најблиската здравствена работна организација која може да изврши таков преглед и со која Заедницата склучила договор.

Ако е потребно осигуреното лице да биде упатено во друга здравствена работна организација, надвор од подрачјето на Заедницата поради контролен преглед, надлежниот лекар за таквото упатување задолжително прибавува мислење од лекарската комисија на Заедницата.

Член 40

За спроведеното стационарно лекување на осигурено лице за кое лекарската комисија на Заедницата стручно ќе оцени дека таквото лекување не било нужно и целисходно односно лекувањето можело со исти резултати амбулантно да се спроведе, Заедницата на стационарната здравствена работна организација ќе ги надомести трошоците утврдени со договорот само за медицинскиот дел.

Член 41

Децата на родители болни од туберкулоза, кои немаат услови за живеење во станот на родителите, можат да се изолираат во соодветни социјални организации или во домови на здрави семејства со посебен надоместок на трошоците за нивното сместување и исхрана.

Височината на надоместокот ја утврдува Собранието на Заедницата.

3. Користење на лекарства

Член 42

Осигурените лица при лекувањето користат лекарства на начинот и под условите предвидени со Упатството за начинот на пропишувањето, издавањето и наплатувањето на лекарствата што го донесува Собранието на Заедницата и договорот склучен помеѓу здравствената работна организација и Заедницата.

Член 43

Кога осигуреното лице по завршеното стационарно лекување, според мислењето на стручниот колегиум на стационарната здравствена работна организација, треба да употребува одредени лекарства од странско производство одобрени само

за клиничка примена, Заедницата ги поднесува трошоците за набавка на потребната количина на таквите лекарства, доколку примена на тие лекарства обезбеди здравствената работна организација на начинот предвиден со договорот помеѓу здравствената работна организација и Заедницата.

Ако осигуреното лице набави лек од странство надвор од постапката предвидена со овој правилник, Заедницата не е обврзана да ги поднесува трошоците за така набавените лекарства.

Член 44

Осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на издадените лекарства во височина што ќе ја определи Собранието на Заедницата со посебна одлука.

Член 45

Осигурениците и членовите на нивните семејства постојано настанети надвор од подрачјето на друга заедница, лековите ги користат по прописите кои важат на подрачјето на Заедницата каде се настанети односно каде привремено престојуваат.

Член 46

На осигурените лица ќе им се препишуваат на товар на фондот на Заедницата само оние лекарства кои се внесени во листата на лекарствата што ја утврдува Собранието на Сојузот на Заедниците на здравственото осигурување на Македонија.

4. Користење на забоздравствена заштита

Член 47

Осигурените лица преку слободно избран лекар — стоматолог и здравствена работна организација користат превентивна забоздравствена заштита, нега и лекување на забите и устата, забнопротетичка помош и забнопротетички средства.

Член 48

Осигурените лица забоздравствените услуги ги користат непосредно кај избраната ординација на здравствените работни организации на подрачјето на Заедницата, а забнотехничките и забнопротетичките работи — доколку ги исполнуваат условите предвидени во Правилникот за забнопротетичка помош и средства.

За време на привремениот престој надвор од подрачјето на Заедницата односно надвор од местото на живеалиштето, осигурените лица можат да користат забоздравствена заштита на товар на средствата на фондот определени за таа цел ако се работи за нега и лекување на заболени заби и уста.

Доколку се во прашање забнотехнички односно забнопротетички работи, фондот задолжително ги поднесува трошоците само во височина на трошоците колку што би изнесувале тие работи кога би се извршиле во соодветната здравствена работна организација на подрачјето на Заедницата.

Височината на трошоците се утврдува на начин предвиден со член 6 став 2 од овој правилник.

Член 49

Осигурените лица кои имаат живеалиште надвор од подрачјето на Заедницата користат забоздравствена односно забнопротетичка помош и средства кај забните ординации на подрачјето на кое живеат, а во обемот и на начинот утврден на подрачјето на Заедницата на кое тие живеат.

Забоздравствената заштита од претходниот став осигуреното лице може да ја користи и на подрачјето на Заедницата кај која е осигурено и во обемот пропишан од оваа заедница, без право на патни и дневни трошоци.

Член 50

Забнопротетичка помош и средства осигуреното лице добива под условите пропишани со Правилникот за индикациите на забнопротетичка помош за стандардите на материјалите од кои се изработуваат забнопротетички средства и за роковите на траењето на тие средства (во натамошниот текст: Правилник за забнопротетичка помош), и ако ги исполнува условите на претходното осигурување предвидени со Статутот врз основа на кој користи право на здравствено осигурување.

По исклучок од претходниот став, без претходно осигурување, забнопротетичка помош и средства добиваат осигурените лица чија потреба од таква помош е предизвикана како последица на несреќа на работа или професионално заболување или во рамките на задолжителните видови на здравствената заштита.

Член 51

Потребата за забнопротетичка помош и средства ја утврдува лекар-стоматолог и издава потврда за изработка на забнопротетички средства, која се заверува од страна на Службата на Заедницата и само врз основа на така заверена потврда се изработуваат забнопротетичките средства.

Член 52

Во случаите кога осигуреното лице побара да му се изработат забнопротетички средства од нестандарден материјал, должно е да плати разлика во цената помеѓу употребениот нестандарден материјал и стандардниот материјал, доколку здравствената работна организација му обезбеди нестандарден материјал.

Ако осигуреното лице само обезбеди нестандарден материјал има право на надоместок во височината на цената на стандардниот материјал кој би бил употребен.

Член 53

Превентивните мерки на забоздравствената заштита на осигурените лица се обезбедуваат врз основа на програма и договор за пружање на здравствена заштита склучен помеѓу Заедницата и здравствената работна организација.

При обезбедувањето на здравствена заштита од претходниот став приоритет се дава на децата и младината и на возрасните осигуреници кои се изложени на почести заболувања, како што се: графичките, хемиските и други работници.

5. Користење на протетички и ортопедски средства и санитарни справи

Член 54

Осигуреното лице има право на протетички и ортопедски средства и помагала кај организациите кои изработуваат вакви средства и помагала и со кои Заедницата има договор за изработка на тие средства и помагала односно таков договор склучува организацијата со подрачната заедница на здравственото осигурување.

Потребата од набавка на протетички и ортопедски средства и помагала ја утврдува лекар-специјалист од соодветната специјалност, и за тоа издава потврда врз основа на Правилникот за користење на протетички и ортопедски средства и санитарни справи. Пред да се пристапи кон реализација потврдата се евидентира кај Службата на Заедницата и потврдува дека е во согласност со Правилникот.

Член 55

Трошоците за набавка на протетичките и ортопедските средства и санитарните справи изработени од стандарден материјал паѓаат на товар на средствата на Заедницата, доколку за нив не е пропишано учество на осигурените лица со општите акти на Заедницата.

Член 56

Ако осигуреното лице бара пропишаните и одобрени протетички и ортопедски средства и помагала и санитарни справи да му се изработат односно издадат од друг, а не од стандардниот и договорениот материјал, ќе се постапи во смисла на член 52 став 1 од овој правилник.

Член 57

Одредбите од членовите 47 до 49 од овој правилник ќе се применуваат и при користење на овој вид здравствена заштита утврдена со членот 54 од Правилникот.

Член 58

Заверени потврди за ортопедски, забнопротетички и други помагала кои осигурените лица поради губење, уништување и во други оправдани случаи не го остариле правото, можат да им се заверат новоиздадените потврди за истите, со претходно водење постапка од Службата на Заедницата.

Глава IV

НАДОМЕСТОК НА ПАТНИ ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 59

На осигуреното лице кое од здравствената работна организација, лекарот-поединец, лекарската комисија и Службата на Заедницата биде упатено или повикано на друго место поради остварување на здравствена заштита му припаѓа надоместок на трошоците за превоз според најкратката релација и најниската тарифа за редовни превозни средства од јавниот сообраќај до местото каде што било упатено.

По исклучок од претходниот став, врз основа на претходно утврдена неопходна медицинска индикација, може да се одобри патување и со повисок вид и категорија на превозно средство.

Член 60

Поблиските услови и начинот на користењето на превозните средства, надоместокот на трошоците за превоз, височината на надоместокот на трошоците поради исхрана и сместување ги утврдува Собранието на Заедницата со посебна одлука.

Глава V

ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 61

Оценка на работната способност на осигуреникот за определено работно место кога остварува право на надоместок на личен доход на товар на средствата на Заедницата и утврдување на потребата за отсуствување од работа поради нега на член на потесното семејство односно утврдување потребата од придружник на болно осигурено лице кога треба да оствари здравствена заштита на друго место вршат:

1. избраниот лекар — во смисла на Правилникот;

2. избраниот стоматолог;

3. лекарот-специјалист — во случаите кога се користи здравствена заштита без упат на лекарот од општа практика;

4. лекарската комисија; и

5. комисијата на лекари-вештаци.

На работниците во работните организации, кај кои постои диспензер за медицина на трудот, или ако работната организација оценката на работната способност на своите работници ја доверила на одредена здравствена работна организација, работната способност ја цени исклучиво лекарот на диспензерот за медицина на трудот, односно овластена здравствена работна организација, освен ако е во прашање лекар-гинеколог.

Лекарите од ставот 1 точка 1, 2 и 3 и став 2 од овој член даваат оценка за привремената неспособност за работа за првите 30 дена, а лекарските комисии — од 31-от ден.

Член 62

Доколку осигуреникот во времето на заболувањето не се наоѓа во местото на здравствената работна организација за која се определил, отсуство поради болест може да одобри лекар и на друга работна организација само во случај на неопходна потреба и тоа најмалку до 30 дена. Во таков случај осигуреникот е должен по најбрз пат да ја извести својата работна организација. Доколку осигуреникот е сместен во стационарна здравствена организација, должен е во истиот рок да ја извести работната организација, ако неговата здравствена положба тоа му дозволува.

Работната организација има право да бара од лекарската комисија на Заедницата за време на отсуство или после да утврди дали постоеле индикации и дали било оправдано одобреното отсуство од работа поради болест или повреда.

Член 63

Кога лекарот ќе утврди дека осигуреникот е привремено неспособен за работа поради болест или повреда, го утврдува и денот на настапувањето на таа неспособност.

При утврдувањето на неспособноста за работа се определува и денот кога треба осигуреникот да се јави на контролен преглед. По истекот на 30 дена на привремената неспособност, лекарот е должен по претходно комплетираната медицинска обработка, осигуреникот да го упати на надлежната лекарска комисија поради оцена на работната неспособност, освен ако осигуреникот се наоѓа на стационарно лекување.

Ретроградно одобрување на отсуство, по правило, не е дозволено. Во исклучителни случаи, објективноста и оправданоста на ретроградно признавање ќе ги цени лекарската комисија на Заедницата.

Член 64

Лекарот кој го следи движењето на болеста на осигуреникот за време на боледувањето должен е да го упати на лекарската комисија поради оценка на работната способност уште и во следните случаи:

1. Кога ќе настапи неспособност за работа од истото заболување во рок од 30 дена по заклучување на боледувањето на поранешното заболување:

— ако претходното боледување траело 30 и повеќе дена;

— кога збирот на деновите за боледување ќе наполни 30 дена, ако претходното боледување било пократко од 30 дена;

2. Кога се наоѓа на боледување без прекин од 30 дена од различни заболувања;

3. Кога е на боледување преку 30 дена со скратено работно време.

Член 65

По отпуштање на осигуреникот од лекување од стационарна здравствена работна организација, неговата работна способност ја ценат:

1. лекарот, ако од денот на настапувањето на привремената неспособност за работа поминале помалку од 30 дена;

2. лекарската комисија, ако од денот на настапувањето на привремената неспособност за работа поминале повеќе од 30 дена.

Член 66

Лекарот кој го следи движењето на болеста на осигуреникот за време на боледувањето може да го заклучи боледувањето и пред истекот на крајниот определен рок од страна на лекарската комисија, ако според неговата оценка кај осигуреникот настапила способност за работа.

Член 67

На инвалидите на трудот од II и III категорија за заболување поради кое ја добила таа категорија, лекарот може да им отвори боледување поради влошување на состојбата само по претходно прибавено мислење од надлежната лекарска комисија во поглед на привремената неспособност за работа.

Мислењето на лекарската комисија е задолжително за лекарот.

Член 68

Кога осигуреникот во текот на спреченоста за работа поради болест е ставен во истражен затвор или притвор спреченоста за работа ја цени избраниот лекар врз основа на извештајот од лекарот кој пружа здравствена заштита во притворот односно истражниот затвор.

Член 69

За време на привремената неспособност за работа, односно одобреното боледување од страна на избраниот лекар или лекарската комисија, осигуреното лице е должно правилно да го користи боледувањето и да постапува по упатствата на лекарот, а лекарот е должен на соодветен начин да го следи текот на користењето на боледувањето, со повремено посетување на болниот или на друг начин, предвиден со договорот помеѓу здравствената работна организација и Заедницата.

Член 70

Во случај одреденот орган на Службата на Заедницата или работната организација утврди дека осигуреното лице неправилно го користи боледувањето и со тоа го спречува побрзото оздравување, истото губи право на надоместок од денот на констатирањето на органот.

Член 71

Лекарската комисија на Заедницата обезбедува постојан увид во движењето на привремената неспособност за работа и во критериумот на избраните лекари за одобрување на боледување и врши периодично комисиски прегледи на осигурениците на боледување до 30 дена.

Глава VI

НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН НА ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО

Член 72

Спреченоста за работа поради болен член на потесното семејство се утврдува кога е нужна туѓа нега и помош и нега на заболениот член на потесното семејство со оглед на видот и тежината на заболувањето или кога со пружање на туѓата помош и нега значително ќе се забрза оздравувањето.

Спреченоста за работа поради нега на болен член на потесното семејство ја цени лекарот кој го лекува заболениот член. Тој за нега на болен член на потесното семејство одобрува боледување во траење од 15 дена, ако заболениот член е лице до 15 годишна возраст, а до 7 дена, ако заболениот член е лице постаро од 15 годишна возраст.

Боледување за нега на болен член на потесното семејство преку 15 дена за деца до 1 годишна возраст, одобрува лекарската комисија на Заедницата во зависност од случајот и здравствената состојба на детето.

Член 73

Спреченоста за работа поради нега на болен член на потесното семејство се утврдува:

1. ако заболениот член на потесното семејство се лекува во домаќинството на осигуреникот, и

2. ако осигуреникот во своето домаќинство нема безработно возрасно лице за пружање нега на заболеното лице.

За исполнување на условите од ставот 1 од овој член, осигуреникот тие факти ги потврдува на надлежниот лекар со писмена изјава.

Глава VII

НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НАПРАВЕНИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 74

Кога осигуреното лице ќе ги плати на здравствената работна организација трошоците за користење на здравствената заштита и тие трошоци, во целост или делумно, по одредбите на Статутот или овој правилник се плаќаат на товар на средствата на Заедницата, осигуреното лице има право на надоместување на тие трошоци.

Барањето за надоместок на трошоците со потребните докази осигуреното лице го поднесува до Службата на Заедницата.

Член 75

Учеството на трошоците при користењето на здравствената заштита осигурените лица го плаќаат на начинот и под условите што ќе ги пропише Заедницата со одлука за воведување на такво учество.

Глава VIII

ОСТВАРУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ ПРОМЕНАТА НА МЕСТОТО НА ПРЕСТОЈОТ ВО ТЕКОТ НА БОЛЕДУВАЊЕТО

Член 76

На осигуреникот за време на привремената неспособност за работа поради болест или повреда може да му се одобри промена на местото на престојот за определено време и определено место со цел за поуспешно лекување и рехабилитација.

Член 77

Потребата за промена на местото на престојот во смисла на претходниот член ја цени избраниот лекар до 30 дена, а лекарската комисија над 30 дена, имајќи го предвид следното:

— дали со промената на местото на престојот за време на боледувањето во определено траење може да се очекува подобар успех во поглед на побрзо и поефикасно оспособување за работа;

— дали со оглед на природата и тежината на заболувањето може да се одобри промена на местото на престојот, ако соодветната здравствена заштита може да ја обезбеди само специјализирана здравствена установа во поголемите здравствени центри;

— дали во местото кое се предлага за промена на местото на престојот постои здравствена работна организација која може да го обезбеди потребното лекување, односно нега на болниот, имајќи ја предвид оддалеченоста на местото на престојот од најблиската здравствена работна организација односно најблискиот лекар;

— дали е спроведено нужно лекување и терапија пред да се бара промена на местото на престојот и дали е потребно да се одобри промена на местото на престојот;

— дали лекарот во местото кое се предлага за промена на престојот (најблискиот лекар) може да ја спроведе потребната терапија во упатството на лекарската комисија, односно лекарот на здравствената работна организација, кај која болното осигурено лице пред тоа се лекувало.

Покрај тоа избраниот лекар односно лекарската комисија треба да ја има предвид и потребата за подобра нега и исхрана, станбените и семејните услови на осигуреното лице, како и другите чинители кои имаат влијание за одобрување промена на местото на престојот.

Член 78

На осигуреното лице, на кое му е одобрена промена на местото на престојот, не му припаѓа посебен надоместок за престој во други места ниту надоместок на патните трошоци.

Глава IX

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 79

Осигурените лица кои до почетокот на применувањето на овој правилник започнале да користат права од здравственото осигурување, ќе предложат да ги користат тие права и понатаму до нивното завршување, ако за осигуреното лице се поповолни.

Член 80

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

Бр. 01-8512
20. декември 1972 година
Охрид

Претседател,
Драго Киселинов, с. р.

---

22)

Врз основа на член 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 43 точка 3 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, на својата седница одржана на ден 27. XII. 1972 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување за 1973 година се определува во височината од 7,0% од личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита од 4%, и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 3%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од 0,3% од основицата од која се пресметуваат придонесите за здравственото осигурување, предвидени во став 1 на овој член.

Член 2

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението и другите општи акти на Заедницата основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифи, пресметана за примена на нето личните доходи односно примањата.

Пресметувањето на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучиво се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Придонесите за здравственото осигурување ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница, а обврзникот на придонесот, согласно чл. 105 од Законот, е должен при уплатата на придонесите за здравственото осигурување на самиот налог — уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата за придонесите не го пополни налогот — уплатницата, согласно одредбите од претходниот став на овој член, службата на СОК односно поштата нема да го прими налогот — уплатницата во смисла на чл. 30 од Законот за службата на општественото книговодство.

Член 3

Доколку во 1973 година настанат позначајни измени во основицата (бруто личниот доход) на која се применуваат стапките и тарифата на придонесите, тогаш стапките на придонесите и тарифата од членот 1 на оваа одлука ќе се применуваат пресметани за примена на нето личните доходи односно примањата.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, со Статутот на Заедницата и другите општи акти на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

Бр. 02-8647
27. XII. 1972 година
Охрид

Претседател,
Драго Киселинов, с. р.

23.

— Врз основа на член 43 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување и чл. 71 од Правилникот за условите и начинот на остварувањето правата од здравственото осигурување, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците, Охрид, на својата седница одржана на ден 20. XII. 1972 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАМЕНСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗОЛИРАЊЕ НА ДЕЦА ОД РОДИТЕЛИ БОЛНИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА КОИ НЕМААТ УСЛОВИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ВО СТАНОТ НА БОЛНИТЕ РОДИТЕЛИ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат висината на средствата наменети за издршка на деца од родители болни од туберкулоза, изолирани во соодветни социјални организации или во домови на здрави семејства.

Член 2

За издршка на изолираните деца од фондот на Заедницата се определуваат средства во висина од 30.000,00 динари.

Член 3

Износот од членот 2 на оваа одлука да се отстапи на располагање на Општинскиот црвен крст на Охрид, со тоа што за секој преземен случај на издршка да биде известена Заедницата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-8514
20. XII. 1972 година
Охрид

Претседател на Заедницата,
Драго Киселинов, с. р

24.

Врз основа на член 88 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, на седницата одржана на 20. XII. 1972 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО И ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

I.

Во Одлуката за надоместување на патни и дневни трошоци на членовите на Собранието и Извршниот одбор на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид од 30. XII. 1971 година, под бр. 02-8516 се вршат следните измени и дополнувања:

Во точка II, подточка 3 се менува и гласи:

„3. На членовите на Собранието и Извршниот одбор од подрачјето на општините Кичево и Дебар и оддалечените села на општините Охрид и Струга, надоместокот изнесува 100,00 динари паушално".

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

III.

Се задолжува комисијата за општи акти да изготви пречистен текст на Одлуката за надоместување на патни и дневни трошоци на членовите на Собранието и Извршниот одбор на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид.

Бр. 02-8513
20. XII. 1972 година
Охрид

Претседател на Заедницата,
Драго Киселинов, с. р

25.

Врз основа на член 233 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, на седницата одржана на 20. XII. 1972 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — ОХРИД

I.

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на систематизацијата на работните места на Стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид од 23. XI. 1972 година, под бр. 01-8516.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-8517
20. XII. 1972 година
Охрид

Претседател на Заедницата,
Драго Киселинов, с. р

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ОХРИД

26.

Врз основа на член 101 и 102 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 40 точка 3 од Статутот на Заедницата, Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Охрид, на својата седница одржана на 28. XII. 1972 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО 1973 ГОДИНА

I.

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравственото осигурување на земјоделците — осигуреници кај Заед-

ницата на здравственото осигурување на земјоделците — Охрид.

II.

Земјоделците-осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравственото осигурување:

а) за задолжителните видови на здравствена заштита:

— 14% од катастарскиот приход и 12 дин. паушал за секој осигурен член на домаќинството — за осигуреници што имаат сопствена земја;

— 65 динари паушал по домаќинство и по 12 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството — за осигуреници што немаат сопствена земја;

б) за правата на здравствената заштита над задолжителните видови од здравственото осигурување:

— 4% од катастарскиот приход и 6 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството — за осигурениците што имаат сопствена земја;

— 35 динари паушал по домаќинство и 6 динари паушал за секој осигурен член на домаќинството — за осигуреници што немаат сопствена земја.

III.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 02-8707
28. XII. 1972 година
Охрид

Претседател на Заедницата
Драги Алексоски, с. р.

Oiласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води спор по тужбата на тужителката Китанова Цветанка од Титов Велес, ул. „9 Ноември" бр. 8, против тужениот Китанов Стојан, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Китанов Стојан да се јави во Окружниот суд во Скопје или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој глас. Во спротивно, ќе му се определи старател кој ќе го застапува до завршувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2617/72.
(17)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Наум Вецовски, од село Сопотско, поднесе тужба за развод на брак против Надежда Вецовска од село Сопотско, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужената е со непозната адреса се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 641/72.
(14)

Анчиќ Верка од село Долно Српци, Битолско, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Анчиќ Бранислав, со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот Бранислав е со непозната адреса се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, на истиот ќе му биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 23/73.
(15)

Мирчев Петар од Битола, ул. „Иван Милутиновиќ" бр. 43, спрат IV, стан 13, влез I поднесе тужба за развод на брак против Мирчева Мира од Битола, сега со непозната адреса.

Бидејќи тужената Мира е со непозната адреса се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 865/72.
(16)

РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 9. III. 1972 година, рег. бр. 8/70 е запишано следното: Здравствената станица на Тутуновиот комбинат — Прилеп, се присоединува кон Медицинскиот центар — Прилеп.

Здравствената станица на Тутуновиот комбинат — Прилеп, престанува со својата работа и се брише од регистарот на овој суд, поради присоединување кон Медицинскиот центар — Прилеп.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 42 од 2. VII. 1971 година на работничкиот совет на Здравствената станица — Прилеп, при Тутуновиот комбинат — Прилеп и одлуката бр. 02-1581/1 од 12. VII. 1971 на работничкиот совет на Медицинскиот центар — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 15/72. (595)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 21. VIII. 1972 година, рег. бр. 11/70 е запишано следното: Се менува фирмата на Заштитната работилница за рехабилитација и вработување на инвалидизирани лица — Прилеп и гласи: Заштитна работилница за рехабилитација и вработување на инвалидизирани лица „Елан" — Прилеп.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 03-321/2 од 16. VIII. 1972 година на советот на работната заедница на Заштитната работилница за вработување и рехабилитација — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 41/72. (1355)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 115, страна 684, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Основното училиште „Бајрам Шабани" — Куманово и тоа: Фаик Рашити, директор и Манчевски Николов Крсте, секретар, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност и тоа директорот — со одлуката број 663 од 28. VI. 1972 година на советот на работната заедница, од одржаната седница на 28. VI. 1972 година и секретарот — со решението од 31. I. 1972 година.

За нови потписници на споменатото училиште со одлуката бр. 655 од 28. VI. 1972 година на Советот на работната заедница, се назначени следните лица: Шаип Салиу, директор и Попов Љубомир, секретар, сметано од 3. VII. 1972 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 91 од 31. VIII. 1972 година. (1363)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 307, страна 257, книга II е запишано следното: Централното основно осумгодишно училиште „Јордан

Константинов—Џинот" од село Долно Количани, Скопско во иднина ќе го потпишува, задолжува и раздолжува директорот на истото, Катерина Василева, а порано Шулева, сметано од 20. IX. 1972 година заедно со стариот потписник Рамаданов Шаип, секретар, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 124 од 22. IX. 1972 година. (1366)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 581, страна 401, книга VI е запишано следното: На досегашниот директор на Центарот за социјална работа — Титов Велес, Јовева Синева ѝ престанува правото за потпишување, поради разрешување од должност согласно со одлуката бр. 431/2 од 5. IX. 1972 година на работната заедница, од одржаната седница на 28. VIII. 1972 година.

Исто така му престанува правото за потпишување на Чаушевски Киро, социјален работник.

За нови потписници на Центарот за социјална работа — Титов Велес, со одлуката бр. 438/3 на работната заедница, од одржаната седница на 5. IX. 1972 год. се овластени Чаушевски Киро, в. д. директор и Пешов Димитар, претседател на работната заедница, кои Центарот во иднина ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат заедно со стариот регистриран потписник Јорданов Ѓоре, сметководител, сметано од 8. IX. 1972 година, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 116 од 19. IX. 1972 година. (1368)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 587, страна 429, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното осумгодишно училиште „Моша Пијаде" од село Папраник, Дебарско, Мојсоски Насте Стојан му престанува правото за потпишување согласно со одлуката бр. 03-258/3 на советот на работната заедница, од одржаната седница на 31. VIII. 1972 год., поради разрешување од должност.

За нови потписници на споменатото училиште, согласно со одлуката на советот на работната заедница, се овластени Косврасти Бајрам Хисан, в. д. директор и Акикоски Мецит Камил, учител, кои училиштето во иднина ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, сметано од 15. IX. 1972 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 122 од 22. IX. 1972 година. (1387)

